# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 1 | КОЧАНИ, 26 Јануари 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 26.01.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 26.01.2024 година, и тоа:

1.Стратегија за локален економски развој на општина Кочани за период 2024-2027 година, Бр. 09-291/1

2.Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани, Бр. 09-289/1

3.Одлука за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-290/1

4.Одлука за утврдување на приоритетен инвестициски проект, Бр. 09-293/1

5.Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант, Бр. 09-294/1

6.Одлука за давање согласност за примање на донација, опремување на сензорни соба, дефектолошко катче од страна на Германско Друштво за Интернационална Соработка - ГИЗ, Проект за Социјални Прва на Ранливи Групи – СоРи III, Бр. 09-295/1

7.Одлука за давање на трајно управување и користење, без надомест, на изградена водоводна, фекална и атмосферска канализациска мрежа во 2023 година на КЈП „Водовод“ – Кочани Бр. 09-299/1

8.Одлука за давање согласност на Одлука за отуѓување по пат на продажба на движни ствари во сопственост на КЈП „Водовод“- Кочани, Бр. 09-300/1

9.Одлука за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр. 09-301/1

10.Одлука за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани, Бр. 09-308/1

11.Одлука за давање согласност на договор за донација од Фондација за развој на локалната заедница Штип, Бр. 09-309/1

12.Одлука за давање согласност на ООУ „Никола Карев“ за примање на донација спомен обележје- биста на Никола Карев, Бр.09-310/1

13.Заклучок за усвојување на извештај за извршен попис на Општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-288/1

14.Заклучок за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2023 година, Бр. 09-296/1

15.Заклучок за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр. 09-297/1

16.Заклучок за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-298/1

17.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на сливни решетки за атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-302/1

18.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр.09-303/1

19.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на општина Кочани во 2023 година, Бр. 09-304/1

20.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-305/1

21.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-306/1

22.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2023 година во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, Бр. 09-307/1

23.Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2024-2025 година, Бр. 09-311/1

24.Изјава од Општина Кочани за исполнување на услови, Бр. 09-292/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-316/1
26.01.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

# С Т Р А Т Е Г И Ј А

за локален економски развој на Општина Кочани за период 2024-2027 година

## I.

## Предговор од Градоначалникот

Почитувани,



Локалниот економски развој е процес со којшто општината го унапредува квалитетот на живеењето на своите жители со создавање на нова економска и општествена благосостојба. Со оглед на тоашто најголемиот дел од потребите на граѓаните се задоволуваат на најдобар начин на нивото на кое и се јавуваат, локалниот развој има суштинско значење за задоволување на оние директни потреби коишто се релевантни за секојдневното живеење и работење на граѓаните. Локалните власти се поспособни да се приспособат на спецификите на локалниот развој и да ги утврдуваат приоритетите на локалниот развој. Економскиот напредок на општината може да се постигне само со вмрежување, заедничка работа и идентификување на најголемиот дел недостатоци и предизвици, за што е потребна комуникација на сите нивоа, но и реални, амбициозни и остварливи акции, кои ќе значат решавање конкретни проблеми.

Стратешкото планирање всушност ја креира визијата, планот за остварување на посакуваната иднина и претставува алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.

Имајќи во предвид дека планирањето на локалниот економски развој, согласно Законот за локална самоуправа, е во надлежност на локалната самоуправа, изработката на Стратегија за локален економски развој претставува приоритетна обврска.

Стратегијата за локален економски развој е еден од најважните документи на единицата на локалната самоуправа, а стратешкиот процес базиран на партиципативен приод, овозможува поширока прегледност на потребите и можностите за нивен соодветен одговор.

Дефинирањето на визијата, целите и правците за развој за наредниот четиригодишен период, за Општина Кочани ќе значи подобрување на бизнис-климата, обезбедување поволни услови за локален економски развој, создавање нови работни места, а едновремено и заштита и унапредување на животната средина. Оваа стратешка рамка очекуваме да донесе правилно дејствување во сите сфери на надлежност на единицата на локалната

самоуправа, следење на брзиот техничко-технолошки и комуникациски развој во содејство со потребите на граѓаните и граѓанките на општина Кочани.
Им благодариме на сите чинители кои во процесот на подготовка на овој стратешки план дадоа придонес за изработката на што подобар документ, а посебна благодарност упатувам до претставниците на УСАИД кои во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ го поддржаа овој процес, како и на членовите на тимот за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на општина Кочани за периодот 2024-2027 година. Со политичка волја, посветеност и со многу разбирање, заеднички со граѓаните на Општина Кочани можеме да придонесеме планираното да стане реално.

Градоначалник на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

## 1. Извршно резиме

Општина Кочани е една од општините во која се имплементира проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е и поддршка за подготовка или ажурирање на стратегии за локален економски развој. Стратегијата за локален економски развој е развиена од страна на Секторот за планирање и развој во партнерство со претставници од бизнис секторот и граѓанските организации во согласност со методологијата дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“.

Во процесот на изработка на Стратегијата за локален економски развој подготвена е анализа на локалната економија, SWOT анализа, визија на општината, стратешки цели и акционен план со финансиска конструкција.

Визијата на Општина Кочани е да биде паметна, зелена и енергетски ефикасна општина, препознатлива како туристичка дестинација за зимски, спа и рурален туризам, со одржлив економски развој и максимална искористеност на обновливите извори на енергија.

Силни страни на Општина Кочани се нејзината местоположба, природните богатства (планини, геотермални води) и услови за развој на туризмот (зимски, спа и рурален), добро развиено земјоделие (оризопроизводство), како и поволните услови за искористување на обновливи извори на енергија. Слаби страни се дека природниот и геотермалниот потенцијал не се доволно искористени, земјоделие засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели, како и незадоволителната состојба на комуналната и локалната патна инфраструктура. Можности за развој на Општина Кочани се достапноста до финансиски средства од домашни и странски фондови и програми, зголемената побарувачка спа и велнес услуги, зголемена побарувачка за еколошки и органски земјоделски производи, консолидација на земјоделското земјиште и заинтересираност за искористување на ОИЕ-изградба на фотонапонски централи. Закани се големата миграција, влијание на кризата предизвикана од пандемијата КОВИД-19, продлабочување на енергетската криза, како и последиците од климатски промени во земјоделието и шумарството, намалување на количина на вода, емисии на $CO_2$, итн.

*Стратегија за локален економски развој на општина Кочани 2024- 2027*

Стратешки цели на Општина Кочани се:

1. Развиен зимски, спа и рурален туризам преку поголема искористеност на природните богатства и геотермалниот потенцијал.
2. Одржлив економски развој преку подобрена инфраструктура, дигитализирани услуги и услови за развој на нови бизниси.
3. Енергетски ефикасна општина преку максимална искористеност на обновливите извори на енергија и чиста животна средина.

Во рамките на секоја од стратешките цели, работната група подготви акциски план на активности. Акциониот план има за цел да ја стави во функција Стратегијата за локален економски развој и да и даде оперативност, со дефинирање на конкретни параметри и со детална анализа за секој од предложените проекти, како и креирање на временска и финансиска рамка за реализација на истиот.

## 2. Содржина

Предговор од Градоначалникот ........ 1
1. Извршно резиме ........ 2
2. Содржина ........ 3
3. Листа на табели, слики и кратенки ........ 4
4. Вовед на планот ........ 4
5. Процес на изработка на Стратегијата за ЛЕР ........ 6
6. Профил на општина Кочани ........ 7
7. Локална економска анализа ........ 10
7.1 Анализа на локалната економска структура ........ 11
7.2 Локална соработка и вмрежување ........ 17
7.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција ........ 18
7.4 Пристап до финансии ........ 20
7.5 Земјиште и инфраструктура ........ 22
7.6 Регулаторна и институционална рамка ........ 23
7.7 Вештини и човечки ресурси ........ 25
7.8 Надворешно позиционирање и маркетинг ........ 27
8. SWOT Анализа ........ 29
9. Визија и цели ........ 31
10. Акциски план ........ 32
11. Мониторинг и евалуација ........ 37

## 3. Листа на табели, слики и кратенки

Слика 1: Местоположба на општина Кочани

Слика.2: Методологија на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ

Табела 1: Деловни субјекти според класификација и вид на економска активност

Табела 2: Структура на претпријатијата по големина во Општина Кочани

Табела 3: Активност на население во општина Кочани според Попис на население 2021

Табела 4: Број на невработени лица од активното население во општина Кочани

Табела 5: SWOT анализа на тема локална економија во општина Кочани

УСАИД-Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој

ДЗС-Државен Завод за Статистика

НКД-Национална Класификација на Дејности

МСП-Мали и Средни Претпријатија

ЛЕР-Локален Економски Развој

НВО-Невладина организација

SWOT анализа-Анализа на силни страни(S), слаби страни (W), можности (O) и закани (T)

ФИТР-Фондот за Иновации и Технолошки Развој

ОИЕ-Обновливи Извори на Енергија

ТИЦ-Туристички Инфо Центар

СРТЦ-Спортско Рекреативен Туристички Центар

ДУП-Детален Урбанистички План

ГУП-Генерален Урбанистички План

ЛУПД-Локална Урбанистичка Планска Документација

ЕЛС-Единица на Локална Самоуправа

АД-Акционерско Друштво

АФПЗРР-Агенција за Финансиска Поддршка во Земјоделието и Рурален Развој

МВР-Министерство за Внатрешни Работи

АВРСМ-Агенција за Вработување на Република Северна Македонија

ЈПП-Јавно Приватно Партнерство

КЈП-Комунално Јавно Претпријатие

ЛЕС-Локален Економски Совет

ЕУ-Европска Унија

## 4. Вовед на планот

Со цел воспоставување на одржлив и инклузивен општествен и локален економски развој на општината, во месец февруари 2022 година Општина Кочани се пријави на Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите". Проектот всушност претставува напредна фаза во создавањето на ефикасни и ефективни институции на локално ниво и потикнување на соработката помеѓу сите чинители во општината кои влијаат на локалниот економски развој. Исто така им помага на општините да се фокусираат на отчетноста на локалните институции и одговорноста на индивидуалните граѓани, а на единиците на локална самоуправа да ги соберат и самостојно да управуваат со ресурсите неопходни за финансирање на услугите што ги бараат нејзините граѓани и приватниот сектор.

Локалниот економски развој е комплексен процес во којшто засегнатите страни работат заедно, со цел создавање поволни услови за подобрување на квалитетот на животот во заедницата. Со помош на овој процес, тие треба да воспостават и да одржуваат динамична претприемачка култура, во правец на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на општина Кочани.

Стратешкото планирање на општината е рационално управување со неа, а тоа пак има потреба од согледување на фактичките состојби и потреби во општината и создавање решенија низ мерки и активности кои реално би можеле да се применат за разрешување на проблемите и потребите на општината. Со други зборови, стратешкото планирање е процес на разбирање на ситуациите во кои се наоѓа општината, анализа која треба да ги идентификува потребите во сите сфери на живеење и врз основа на идентификуваните потреби да се создадат решенија кои би биле возможни за спроведување во обидот да се решат општинските потреби и истите треба да бидат базирани на потребите и приоритетите на граѓаните. За да можат решенијата да бидат реално остварливи, заемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните и институциите, т.е. сите општествени чинители, сакаат да биде општината во иднина и начини како да се стигне до таму. Сознанието за овие потреби треба да ја опфати целокупната организациска структура на општината и капацитетите на севкупните локални ресурси, споредени со ситуацијата на регионално и национално ниво. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за спроведување од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа.

Изработката на нова, реална и одржлива стратегија беше повеќе од потребна, бидејки доосегашната Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Кочани е за периодот од 2019 до 2023 година. Преку процесот на изработка на Стратегијата за ЛЕР ќе се зајакнат и капацитетите не само на општинската администрација, туку и на сите засегнати страни за поефикасно искористување на човечкиот капитал и локалните ресурси во целина.

Стратегијата за локален економски развој на општина Кочани е изработена со цел да одговори на конкретни економски предизвици и понатамошно да ја зајакне локалната економија преку јавно-приватен дијалог. Оваа стаатегија е целосно самостоен нов документ и не е дел од други стратешки планови на општината. Фокусот е тесно насочен на развојот на приватниот сектор со цел да се зголеми растот, развојот и вработеноста. Документот е развиен во партнерство, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот за

изработка на овој документ, беше составен не само од претставници од Секторот за планирање и развој, туку и по еден претставник од граѓанскиот и од бизнис секторот. На овој начин тимот за изработка на планот имаше придонес и еднаквата застапеност во консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес, што впрочем е и фокусот на Проектот на УСАИД на отчетноста на владините институции и одговорноста на индивидуалните граѓани.

## 5. Процес на изработка на Стратегијата за ЛЕР

Стратегијата за локален економски развој има за цел да ги дефинира предизвиците со кои се соочува Општина Кочани како и да предложи начин на кој истите ќе се надминат. Изработка на Старатегија за локален економски развој не може да се прави изолирано и без да се земат во предвид и двата глобално спротивставени процеси кои го обликуваат позиционирањето на општините. Едниот е процесот на глобализација кој овозможува меѓународно влијание на граѓаните, економиите (национални и локални) и културите, а другиот е процесот на децентрализација кој ги отвора можностите за поефикасна алокација на ресурсите бидејќи власта е поблиску до граѓаните, а со тоа и подобро ги разбира нивните потреби за економски развој кој треба да има за цел квалитетен живот, а може да овозможи и квалитетна околина за водење на бизнис. Со плановите за развој подобро се изразуваат локалните специфики и развојните можности што се определени од различноста на релјефот, климата, географските, комуникациските и другите услови, како и разликите во образовните и квалификациските нивоа на населението.

При изработката на овој документ се пристапи сериозно, со вклучување на сите локални актери во еден партиципативен процес, со почитување на претходните циклуси на планирање, преку надминување на секторскиот пристап со ефикасно искористување на сите локални ресурси заради обезбедување реален, долгорочен развој и подобрување на квалитетот на живот на целокупната локална заедница. Со решение од Градоначалникот беше формиран тим за пишување на документот составен од тројца претатавници од локалната администрација и по еден преставник од граѓанскиот и бизнис секторот (три жени и двајца мажи). Работниот тим одржа голем број состаноци, неформални средби како и телефонски разговори, анализирајќи ја состојбата во локалната економија, SWOT-анализата, како и одредувајќи ја визијата, стратешките и развојните цели и Акциониот план. Со ваквиот пристап се постигнаа повеќекратни ефекти, а пред се:

- Вклучување во процесот на сите засегнати страни на локално ниво преку мобилизирање и мотивирање заради зголемување на нивото на доверба помеѓу граѓанскиот, бизнис и јавниот сектор како и развивање на меѓусебните односи и врски и зголемување на шансите за подобра реализација на утврдените приоритети во планот;
- Добивање на веродостојни резултати од извршената социо-економска анализа и обезбедување на јасна слика за недостатоците, бариерите, но и предностите на заедницата кои најдобро ќе се искористат при дефинирање на посакуваната состојба;
- Изготвување на структурно оперативен документ кој ќе ги третира проблемите од различни димензии, да биде конкретен, насочен кон акција и да се спроведува во партнерство со локалните засегнати страни.

Фокусот е ставен врз зајакнување на капацитетите на локалните власти за обезбедување ефикасна улога и планирање на развојот, создавање поволна средина за економска ревитализација и олеснување на комуникацијата меѓу општинската администрација, од една страна и комуникацијата помеѓу неа, јавните установи и пошироката јавност. Исто така, општината ја промовира партиципацијата на граѓанството во процесите за донесување одлуки во општината, како гаранција за транпарентноста и одговорноста на власта.

Стратегијата за локален економски развој се поврзува со предходниот документ Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Кочани (2019–2023), а со цел вертикална и хоризонтална усогласеност на документгот, беа консултирани и земени предвид стратешките документи од национално и регионално ниво меѓу кои спаѓаат Национална стратегија за мали и средни претпријатија, Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој, Стратегија за животна средина и климатски промени, Национална стратегија за туризам, како и Програмата за развој на Источниот плански регион (2021-2026). Овој документ го следи процесот на развивање и структура на плановите за локалниот економски развој. Истиот е развиен од страна на општината со техничка поддршка (градење капацитети и менторство) на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, следејќи ја методологијата дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“, кој се покажал како успешен во земјите од Источното партнерство (ЕаР) (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина).

## 6. Профил на општина Кочани

Кочани се наоѓа на 100 км. оддалеченост од Скопје во источниот дел на Република Северна Македонија, поточно ја зазема северната страна на Кочанската котлина протегајќи се околу двете страни на Кочанска река во подножјето на Осоговските планини на надморска висина од 348 метри. Кочанската котлина со нејзината поширока околина се наоѓа во источниот дел на Република Македонија помеѓу 41°40’ и 42°00’ северна географска ширина и 22°00’ и 22°30’ источна географска должина. Кочанската котлина генерално се протега исток - запад, и зафаќа површина од околу 400 км² со средна надморска висина од 330 м. ограничена на север со осоговските планини со доминантна кота на Царев врв (2084 м.), на југ-југоисток со планината Плачковица (Туртел 1607 м.) кој стрмно се издига над котлината, на запад со Овчеполската висорамнина. Општина Кочани се граничи со општините: Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка и Македонска Каменица. Општината зафаќа 382 км² и е составена од 28 населени места, и тоа градот Кочани кој е и административен центар, потоа низинските села: Грдовци, Мојанци, Горни Подлог, Долни Подлог, Оризари, Прибачево и Тркање и ридско-планинските села: Бели, Нивичани, Пантелеј, Рајчани, Лешки, Црвена Нива, Пашаџиково, Јастребник, Горно Градче, Долно Градче, Припор, Полаки, Безиково, Вранинци, Главовица, Костин дол, Небојани, Ново село, Пресека и Речани.



*Слика 1:Местоположба на општина Кочани*

Поради поволната географска положба и одличните природни карактеристики, територијата на денешниот град Кочани била населена од најстарите антички времиња, најпрво од Пеонците, Медите и Траките, а во 80-тите години од VI век почнуваат да се населуваат Словените, поточно до VII век припадници на племето Смолјани ја колонизираат Кочанската Котлина и се утврдуваат во неа. Браќата Кирил и Методиј, основоположниците на словенската писменост од 845-855 година престојувајќи во Брегалничката област (Мородвис) отпочнале со ширење на христијанството на словенски јазик. Иако населбата постои од порано, името Кочани во пишан документ за првпат се среќава од 1337 година.

Низ општина Кочани поминува магистрална сообраќајница со која таа се поврзува со Штип (30 км) и Велес (70 км), а потоа излегува на автопатот Скопје-Гевгелија, односно со оваа сообраќајница Кочани е поврзан со централна Македонија. Со новоизградениот експресен пат Кочани-Штип и автопатот до Миладиновци, Скопје е на 100 км, а аеродромот е на одалеченост од 90 км. Кочани е крстосница на повеќе регионални сообраќајници, со кои се поврзува со најблиските градови, на исток е поврзан со Виница (10 км), Македонска Каменица (30 км), Делчево (55 км), Берово (60 км), Бугарска граница (65 км), а на запад е поврзан со Пробиштип (36 км) и Кратово (48 км). Сообраќајно значење има и постоечката железница која е изградена 1926 год. Преку оваа железничка линија Кочани е поврзан со Штип-Велес-Скопје.

Според податоците на Државниот завод за статистика од последниот Попис на населението во 2021 година, вкупниот број на резидентни жители на општина Кочани изнесува 31.602 жители од кои 15.977 се жени, а 15.625 се мажи. Во општина Кочани има 12.006 домаќинства и 18.451 стан.

Во природните богатства на општината Кочани е планината Осогово. На 20 км. северно од Кочани, на надморска висина од 1640м. во Осоговските планини се наоѓа туристичкиот локалитет Пониква, покриен со густа букова шума и разновидна тревна вегетација. Поради поволната клима Пониква претставува извонредно место за развој на летен и зимски туризам. На Пониква се изградени сместувачки капацитети и спортско рекреативни објекти, постои одмаралиште, ски-патеки, два ски-лифта, викенд населба, ресторани, хотели...

Термоминералниот хидропотенцијал е посебно значаен за овој регион, од аспект на големината, температурата (78°C) на верифицираното лежиште на геотермалната вода „Подлог-Бања“, кое експлоатирано преку Геотермалниот систем „Геотерма“, дава можности за широка примена со значајни економски, енергетски и еколошки ефекти. Геотермалниот систем за експлоатација на геотермалните води е изграден во 1985 година, како резултат на претходно верифицирано лежиште на геотермална вода кое има балансирани резерви од 157 милиони $м^3$ геотермална вода со температура поголема од 50°C. Системот „Геотерма“ претставува техничко-технолошка целина изградена од четири експлоатациони бунари, секундарна површна мрежа, пумпно-дистрибутивна станица и магистрално дистрибутивни цевководи со комплетно сопствена инфраструктура. Системот има функција на експлоатација и дистрибуција на геотермална вода од геотермалното лежиште, инсталиран капацитет на системот 300 л/сек. со средна температура од 75°C.

Во Кочанскиот крај постои и едно вештачко езеро. Тоа е Кочанското Езеро. Кај месното население познато како езеро "Гратче". Изградено е на Кочанската Река 6 км северно од Кочани кај с. Д. Гратче во 1959 година. Површината на акомулацијата изнесува 0,19 км2, акумулира вода од 2.4 милиони м3 која се користи за снабдување на населението и индустријата во Кочани со вода и за наводнување на 576 ха обработливо земјиште во Кочанско Поле.

Климата е умерено-континентална под влијание на изменето-средоземноморската клима која се пробива по долината на река Брегалница. Просечната годишна температура на воздухот е 12,9°C со просечна количина на врнежи од 538мм.

Во Кочани традиционална стопанска гранка е земјоделството за кое постојат одлични природни и агротехнички услови. Најголем дел од обработливите површини се наводнуваат поради што има изградено акумулациони објекти и разгранета каналска мрежа од 280 км. Оризот е најзначајна земјоделска култура со многувековна традиција, добри приноси и одличен квалитет. Годишно се сеат околу 4,172 хектари под ориз, со принос од околу 6,000 кг/ха. Застапени сорти на оризова култура се „сан андреа“, „монтичели“, „кочански бисер-2“ и „Р-76/6“. Квалитетот на македонскиот ориз е потврден со елаборатот „Заштита на потеклото на кочанскиот ориз“ при Министерство за економија, Биро за заштита на индустриска сопственост - Скопје, запишана во регистарот како прва признаена ознака за географско потекло за коешто е добиено Златна плакета, односно Патент на 2000 година во Брисел – „Еурека 2000“.

*Стратегија за локален економски развој на општина Кочани 2024- 2027*

## 7. Локална економска анализа

Според веќе споменатата методологија на изработка на овој стратешки документ општините и нивните партнери од приватниот сектор се поттикнуваат да се фокусираат на клучните елементи („структурни елементи“) на прашањата, кои што се основни локални предуслови за раст на приватниот сектор и отворање нови работни места. Таканаречените „градежни блокови“ се:

- Локална соработка и вмрежување
- Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
- Пристап до финансии
- Земјиште и инфраструктура
- Регулаторна и институционална рамка
- Вештини, човечки ресурси, инклузивност
- Надворешно позиционирање и маркетинг

А на следната слика се претставени сликовито посебните блокови и меѓусебната поставеност, а во функција на локалниот економски развој.




*Слика 2: Методологијата на Mayors for Economic Growth (M4EG), проект финансиран од ЕУ*

Пристапот на тимот беше да се анализираат посебните градежни блокови и преку пополнување на посебните прирачници да се направи анализа и да се извлечат заклучоци.

### 7.1 Анализа на локалната економска структура

Економските карактеристики на Општина Кочани се дефинирани како фундаментални развојни параметри, при што анализата го опфаќа следниве категории: број и структура на компаниите (по дејности и по големина), туристички потенцијали и туристичка инфраструктура, како и земјоделски ресурси и производи. Според податоците од ДЗС бројот и структурата на компаниите во последните 10 години (според дејностите) дадени се во следната табела:

| ***Сектори на дејност според НКД*** | ***Број на активни деловни субјекти*** | | |
|---|---|---|---|
| | **2012** | **2017** | **2021** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 76 | 63 | 46 |
| Рударство и вадење на камен | 5 | 4 | 4 |
| Преработувачка индустрија | 246 | 225 | 208 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 2 | 3 | 3 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад | 9 | 8 | 5 |
| Градежништво | 43 | 61 | 59 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 586 | 476 | 438 |
| Транспорт и складирање | 84 | 80 | 83 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 77 | 63 | 70 |
| Информации и комуникации | 15 | 15 | 14 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 5 | 6 | 8 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 5 | 8 | 10 |
| Стручни, научни и технички дејности | 76 | 117 | 122 |
| Административни и помошни услужни дејности | 10 | 16 | 18 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 3 | 3 | 3 |
| Образование | 22 | 28 | 30 |
| Дејности на здравствена  и социјална заштита | 73 | 71 | 71 |
| Уметност, забава и рекреација | 24 | 19 | 18 |
| Други услужни дејности | 87 | 103 | 107 |
| **ВКУПНО** | **1.448** | **1.377** | **1.317** |

*Табела 1: Деловни субјекти според класификација и вид на економска активност*

Според податоците од ДЗС бројот на претпријатијата (по големина) дадени се во следната табела:

| ***Година*** | ***Вкупно*** | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 1448 | 1056 | 382 | 9 | 1 |
| **2017** | 1377 | 993 | 367 | 15 | 2 |
| **2021** | 1317 | 918 | 377 | 16 | 6 |

*Табела 2: Структура на претпријатијата по големина во Општина Кочани*

Од анализата на претходните табели може да се заклучи дека:

- Вкупниот број на активни деловни субјекти со годините континуирано опаѓа и ова се однесува и на микро претпријатијата, додека средните и големите се во пораст;
- Според големината, може да заклучиме дека во општината доминираат микропретпријатијата со околу 70 % коишто вработуваат најмногу до 9 вработени. Втори по број се малите претпријатија со 26% кои што вработуваат најмногу до 49 вработени. Малото присуство на средни и големи претпријатија со околу 1% коишто имаат поголем број вработени лица укажува на тоа дека развојот на Општина Кочани се темели врз малиот бизнис;
- Во однос на секторите може да се заклучи дека опаѓање имаме кај земјоделството, преработувачката индустрија и трговијата, константност има кај рударството, транспортот, информации и комуникации, како и во туризмот, а додека зголемување имаме кај стручни, научни и технички дејности, дејности во врска со недвижен имот, други услужни дејности и во градежништвото;
- Најголем број на МСП се од областа на трговијата;
- Големите претпријатија се од областа на индустриското производство, а најголема и најбрзорастечка локална компанија во Кочани е странската инвестиција „Амфенол Технолоџи Македонија“ која вработува околу 3.000 вработени;
- Туризмот е релативно развиен со 70 угостителски објекти (хотели, ресторани и кафе барови);
- Има мал број на МСП во земјоделството.

Општина Кочани, располага со природно географски и антропогени туристички ресурси кои можат да придонесат за развој на туризмот: Спортско рекреативниот центар Поникva, Манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон“, Брана „Гратче“ и водопад на Голема Река, Местото викано „Дабот“; Културните манифестации: Денови на кочанскиот ориз, Петровден, Драмски аматерски фестивал, Ликовна колонија „Св.Пантелејмон“ и други како и културните знаменитости (цркви, манастири, археолошки локалитети и културно-историски споменици).

Покрај претходно споменатите фактори за развој на туризмот неопходни се и сместувачките и угостителските капацитети. Нивниот обем и квалитет има директно влијание врз обемот и структурата на туристичкиот промет. Денес во рамките на општина Кочани функционираат:

- Хотел „Ледер"  Кочани со капацитет од 42 легла;
- Хотел „Але дар"  Кочани со капацитет од 25 легла;
- Еуро Хотел „Градче"  Кочани со капацитет од 60 легла;
- Хотел „Национал"  Кочани со капацитет од 16 легла;
- Хотел „Сити Ин"  Кочани со капацитет од 30 легла;
- Хотел „Филипов"  Оризари со капацитет од 36 легла;
- Хотел „Изгрев"  Пониква со капацитет од 45 легла;
- Мотел „Мице"  Пониква со капацитет од 30 легла;
- Мотел „Осоговски бисер"  Пониква со капацитет од 40 легла;
- Мотел „Осоговска куќа"  Пониква со капацитет од 20 легла;
- Одмаралиште на МВР  Пониква со капацитет од 80 легла;
- Новоизградениот Хотел „Магнолија"  на Пониква со капацитет од 74 легла;
- Приватни вили на Пониква.

Се констатира дека во Општина Кочани фондот на сместувачки капацитети е релативно добар, но за поразвиен туризам се потребни инвестиции во нови сместувачки капацитети од повисока категорија.

На територијата на општина Кочани работат неколку туристички агенции и тоа:
- Мет фил
- Вел Јан
- Авто Атом
- Либеро травел
- Даглас турс
- Соколов травел
- Тасим травел
- Вип

Меѓутоа можеме да заклучиме дека сите агенции се ориентирани кон outcome туризмот во другите градови од земјата и странство и ниту една не е во функција на income туризмот, односно донесување на туристи на локалитетите во нашата општина. За таа цел би било добро да се отвори центар за туристички услуги или туристичко биро во просторија во Мултикултурниот центар (предвидена за таа намена) и да се стави во функција туристичкиот инфо центар на Пониква.

Угостителските објекти од ресторанската мрежа даваат услуги од исхрана и забава, ја збогатуваат туристичката понуда и придонесуваат за зголемување на вонпансионската потрошувачка. На територијата на Општина Кочани постои развиена ресторанска мрежа, која преку бројноста и разновидноста на објектите во голема мера ги задоволува постоечките потреби на туристите и притоа позитивно влијае врз туристичката вон пансионска потрошувачка.

Покрај ресторанite кои функционираат во рамките на сместувачките објекти, постојат и бројни други класични ресторани, пицерии и кафе барови во градот Кочани, посебно сконцентрирани во градскиот трговски центар и централното градско подрачје.

Искуствата покажуваат дека има потреба од зголемување на ресторанските капацитети.

Може да се констатира дека на територијата на општината изостанува бројноста на специјализирани ресторани кои во традиционални амбиентални услови би нуделе автентични кулинарски специјалитети.
Во Општина Кочани има потреба од странски директни инвестиции во туристичка инфраструктура, посебно во инвестирање на изградба на спа центри со искористување на геотермалниот потенцијал. Во интерес на промовирање и иницирање на позабрзан развој на туризмот во општината, потребно е квантитативно и квалитативно унапредување на туристичката понуда.

Земјоделството во Општина Кочани може да се каже дека е развиено и претставува еден од главните приоритети за локалниот економски развој. Според географските карактеристики (клима, вода, почви) и сообраќајната поврзаност на областа има добри перспективи.
Земјиштето во Општина Кочани е рамничарско и ридско-планинско. Рамничарското земјиште зафаќа површина од околу 20% од територијата на општината и се протега во правец исток-запад. Ридско-планинското земјиште ја опфаќа останатата површина околу 80% од територијата. Ова земјиште испресечено е со речните корита на Кочанска и Оризарска река.
Според надморската височина земјиштето може да се подели на 3 (три)дела:

-рамничарски терен од 290 до 500 м.н.в. и зафаќа површина од 201.1км²
-ридско земјиште од 500 до 1000 м.н.в. и зафаќа површина од 210.1 км²
-планински дел од 1000 до 2252 м.н.в. и зафаќа површина од 166.4 км².

Висинската разлика меѓу највисокото место врвот Руен (2252м) на Осоговските Планини и градот Кочани изнесува околу 1900 метри. Вкупно расположливата површина на земјиште преставува збир на вкупното користено земјоделско земјиште, шумското земјиште, и другото земјиште. Категоријата друго земјиште ја сочинуваат: земјоделско некористено земјиште и необработливото земјиште. Земјоделско некористено земјиште преставува земјоделска површина со која располага стопанството но која на критичниот момент не се обработува од економски, социјални или други причини. Под необработливо земјиште се подразбира земјиште под: згради, патишта, дворови и слично. Градот Кочани односно катастарска општина Кочани зафаќа површина земјиште од 1970 ха . Полските села зафаќаат површина од 6900 ха, а ридско-планинските села зафаќаат површина од 29930 ха. Односно вкупната површина на земјиште во општината Кочани изнесува 38200 ха.
Во полското подрачје во кое што влегува и градот Кочани структурата е следна:

-обработлива површина околу 5760 ха
-необработлива површина околу 1140 ха.

Во ридско планинското подрачје структурата на земјиштето е следна:

-под шума има околу 15840 ха
-под пасишта има околу 7230 ха
-под обработлива површина околу 6260 ха.

Од изнесените податоци може да се заклучи дека во општина Кочани околу 42% е шума, 20% под пасишта,35% е под обработлива површина и околу 3% необработлива површина. Во однос на сопственоста шумите се околу 88% во државна сопственост, а 12% во приватна, пасишта се околу 84% во државна сопственост а 16% во приватна. Обработливата површина

околу 82% е во приватна сопственоста 18% во државна сопственост. Кај обработливата површина најзастапени култури се: оризните ниви, додека овоштарници, лозја, ливади и градини подеднакво се застапени во мал дел.
Главна земјоделска култура е оризот. Други земјоделски култури кои се одгледуваат на подрачјето на општина Кочани од житните култури се пченка, пченица, јачмен и рж. Од градинарските култури се пипер, домат, краставица кои се одгледуваат и во контролирани услови (оранжерии).

Рељефните, климатските, хидрографските, почвените и другите природни погодности се фактори кои влијаат на вегетацијата и застапеност на поедини видови растенија.
Шумите имаат стопанско и економско значење (производство на дрвна маса и финални производи), овозможуваат заштита од ерозија, производство на секундарни производи (печурки, бобинки и др.), влијаат врз развој на туризмот, ловот и рекреацијата. Значајни се за одржување на биодиверзитетот, особено некои видови дивеч кои се заштитени.
Вегетациските карактеристики укажуваат на постоење големи површини под тревна вегетација, потоа шумска вегетација и земјоделско земјиште.
Тревната вегетација зафаќа голем дел од просторот, а пасиштата според местоположбата и нивната економска вредност се јавуваат како рамничарски, ридски и планински пасишта.
Рамничарските пасишта зафаќаат мал дел во полето главно покрај речните текови и често се под ливади.
Ридски пасишта се јавуваат на далеку поголеми пространства. Тие се разликуваат по конфигурацијата на теренот и водниот режим. Се карактеризираат со слабо богатство од тревни видови и застапеност на изразени ерозивни процеси. Во летниот период поради појавата на повеќе месечни суши тревниот покривач во потполност се исушува и тие преминуваат во голини..
Планински пасишта се јавуваат на Осогово и Плачковица и тоа над буковиот појас, но ги има и меѓу шумските површини како пасишта на планинските рудини. Поради острите климатски услови се користат само во топлиот дел од годината и тоа од 120-160 дена. На Осогово покриваат простор од 14 500 ха, се користат за летна испаша на овците и имаат третман на значајно природно добро.

Клучни наоди од анализата:

Треба да се подобри деловната клима за да не се затвораат бизнисите. Зголемување на микро компаниите преку стимулирање.
Поддршка за основање на социјално претпријатие (ја) со цел да се помогне на најранливите категории.
Споделување на навремени и прецизни информации за претпријатијата за достапни национални финансиски програми и инструменти за поддршка од страна на ЕЛС, со фокус на жените и младите претприемачи.
Воспоставување општински бизнис акцелератор преку кои на лицата кои сакаат да отпочнат бизнис а особено жените, младите и лицата со попреченост како и други ранливи групи, ќе

им се обезбедат сите неопходни информации и ќе се даде поддршка да ја реализираат нивната идеја на подрачјето на општината.

Мерки за не финансиска поддршка на МСП низ обуки и техничка поддршка; советување и правна помош; помош во маркетинг активностите и за влез на пазари; и промовирање на поврзување на бизнисите.

Зголемување на капацитетот на зоната со проширување на ДУП от со нови градежно парцели.

Потребно е да се подобри промотивната активност.

Отворање на ТИЦ во Кочани и ставање во функција на ТИЦ от на Пониква.

Потребно е збогатување на содржините за зимски туризам ( нови патеки и ски лифтови, ски борд парк, содржини за деца и сл.)

Недоволно искористеност на геотермалниот потенцијал. Изработка на мастер план со техничка документација за можности за искористување на геотермалната вода.

Поддршка за обработка на земјиштето од мал посед, простор за интензивирање на земјоделието и обработка на необработените површини.

Земјоделието е засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели и е потребно зголемување на обработливата површина преку окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој.

Јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства преку олеснување и одредени бенефиции за малите стопанства за зголемување на обемот на работа и економските резултати и преминување во правна форма на субјекти - стопанства, паралелно со приоритизација во мерките Окрупнување на земјиштето и поддршка на земјоделските задруги.

Формирање на Агро-индустриски зони како центри за поттикнување и олеснување на економските активности во земјоделството. Истите треба да бидат воспоставени по примерот со индустриските зони (посебни зони но и користење на расположливите ресурси кои не се користат во регионот – т.н. „brownfield“ инвестиции или во склоп на веќе постојните индустриски зони) со одредени предуслови и бенефиции за инвеститорите.

Искористување на шумските потенцијали како посебна гранка, но и поврзаност со други дејности, како и искористување на новите можности што ги дава заштитеното подрачје Осогово.

Зајакнување на положбата на жените во руралните подрачја преку промовирање на правото на сопственост на имот и правото да располагаат со ресурси (финансиски и нефинансиски).

Поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства низ поврзување со мерките за економско јакнење и окрупнување на земјоделските стопанства, консолидација на земјоделското земјиште, но и мерките за правна формализација на индивидуалните земјоделски стопанства и формално вработување на жените.

Градење на капацитетите на жените како претприемачи, но и нивните квалификации и стручност за поголемо учество во формалната/платена работна сила.

### 7.2 Локална соработка и вмрежување

Успешните активности за локален економски развој често бараат некаква форма на јавно-приватен дијалог и партнерство. Општина Кочани како урбан центар има за цел да го поддржи процесот за развојот и пристапот на „тројна спирала“ за иновации (бизнис-јавен сектор-академски и истражувачки институции). Една од главните функции на локалната администрација е да воспостави и одржува оперативна средина за другите чинители, вклучително и приватниот сектор и граѓанското општество со цел поотворена, попредвидлива и потранспарентна општина.

Клучното прашање во овој дел е: “*Кои форми и механизми на локална соработка се потребни за придвижување на локалниот економски развој и како тие можат да се организираат имајќи ја во предвид постоечката состојба*?”.

Можни видови на соработка во овој дел се:
- Јавно приватно партнерство;
- Меѓуопштинска соработка и
- Соработка со бизнис секторот.

Согласно анализата од средбата со приватниот сектор односно воспоставеното партнерство помеѓу општината и бизнис заедницата на која беа дискутирани прашањата за формите и механизмите на соработка, потребно е да се направат дополнителни напори во делот на локалниот економски развој за да се придвижат кон напред економските активности. Секако најважни беа дискусиите за тоа како може да се организира бизнис заедницата, земајќи го предвид она што веќе постои и како со заеднички напори на сите локални институции вклучувајќи ги оние од централната власт ќе ги подобриме условите во локалната заедница, а со тоа и на бизнис секторот. Во анализата најмногу се посвети внимание на два клучни столба кои го креираат економскиот живот во општината, а тоа се туризмот и земјодеlието со потенцијалот на природни ресурси во општината. Во секторот за туризам подеднакво се засеганти и угостителските објекти за храна и сместување и хотелските сместувачки капацитети. Потребно е поголема соработката и транспарентност на општината и меѓусебна информирност. Во делот на туризмот недостасува меѓусебна координација и посебна работна група за соработка како и поголема поддршка на НВО-и за развој на туризмот. Во делот со земјоделието потребно е да се зголеми бројот на регистрирани земјоделци, потребно е консолидација на земјоделското земјиште - окрупнување на земјоделските површини, како и евидентна е потребата од активностите во процесите за планирање и соодветно искористување на шумите, посебно во заштитеното подрачје Осогово.
Заедничка точка и пресек за потребите на локалната бизнис заедница е недоволно развиена инфраструктура, и соодветни сообраќајни решенија во централно градско подрачје за подобрување на имиџот на општина Кочани. Потребна е поголема соработката меѓу локалната самоуправа, бизнис заедницата (приватниот сектор) и образованието и воспаставување на партнерството за локален економски развој. Недостасуваат редовни

средби, канали за комуникација и координација и алатки за поттикнување на постојните компании, а особено поддршката на менаџментот во планирањето на кадар согласно потребите на бизнис секторот.

Општина Кочани има релативно добра соработка со бизнис секторот преку редовни средби на градоначалникот со претставниците од бизнис секторот, барем еднаш годишно на која се дискутира за проблемите на бизнис секторот и можноста општината да помогне. Конкретен пример е решавањето на проблемот на неколку фирми со влезот до нивните објекти што се јави со изградба на новиот магистрален пат.

Во делот со ЈПП општина Кочани досега има воспоставено Јавно приватно партнерство за стопанисување со градскиот базен, но Договорот за ЈПП не ги даде очекуваните резултати и досега искуството не ни е позитивно.

Во врска со воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу две или повеќе општини Општина Кочани има и позитивни примери како што е за користење одрдени услуги (пр.градежен инспектор) или регионалното преттпријатие за управување со отпад, но и негативни примери како што е неуспешната соработка со општина Пробиштип за формирање на Заедничко јавно претпријатие за управување со СРТЦ Поникваа.

Како клучни наоди во овој блок може да се констатираат:

- Релативно добра соработка на Градоначалникот со бизнис секторот;
- Постојат можности за ЈПП и меѓуопштинска соработка;
- Не постои бизнис асоцијација или регионална стопанска комора;
- Не постои здружение или кластер за развој на туризмот;
- Има потреба од отворање на Агенција за развој на бизнисот;
- Воспоставување на локален економски совет (ЛЕС) со учество на здруженијата на граѓани и приватниот сектор, универзитетите и други локални засегнати страни.

### 7.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Една од главните функции на локалната администрација е да воспостави оперативна средина за другите чинители, вклучително и приватниот сектор и граѓанското општество. Колку оваа средина е поотворена, попредвидлива и потранспарентна, толку целокупниот систем станува пожив, поефикасен и поздрав.

И покрај тоа што е многу важно КОИ правила и прописи постојат во сферите релевантни за локалниот економски развој, од одлучувачко значење е КАКО се спроведуваат овие правила и прописи. Нулта толеранција кон корупцијата, како и посветеноста на принципите на доброто управување (како што се учество, инклузивност, отчетност и владеење на правото), се предуслови за зголемување на довербата на деловните кругови, довербата на граѓанското општество и општо задоволство на локалната заедница.

Покрај локалните засегнати страни, меѓународните чинители како што се странските инвеститори и донаторските организации се исто така, многу чувствителни на јавната слика на управните тела и ја земаат предвид оваа слика како фактор кога одлучуваат дали да соработуваат со нив или не.

**Стратегија за локален економски развој на општина Кочани 2024- 2027**

Според истражувањето на фискалната транспарентност на општините, реализирано во рамките на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, Општина Кочани и во 2023 година останува во групата најтранспарентни општини и го следи општиот тренд на постојано подобрување.
Во фискалната 2022/23 година, Општина Кочани се вбројува во категоријата на десетте најтранспарентни општини со максимален број индексни поени за буџетска транспарентност, со раст од еден индексен поен во однос на претходната година. На скалата од 1 до 16, Општина Кочани во фискалната 2021/2022 имала 15, додека во 2022/23 – 16, односно максимален број индексни поени.
Кочани е и во групата на осум општини со висок степен на даночна транспарентност, општини кои се во партнерство со Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите. Даночната транспарентност на Општина Кочани е со висок степен на интензитет, односно 67 %.
Во Извештајот на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, Општина Кочани е издвоена како еден од добрите примери кои продолжуваат да ги пренесуваат во живо седниците на општинскиот Совет.
Мерењето на буџетската транспарентност на општините е извршено врз основа на степенот и начинот на достапност на документите кои се поврзани со буџетскиот процес кај секоја општина и степенот на учество на засегнатите страни во сите фази од буџетскиот процес, а нивото на даночната транспарентност е утврдено врз основа на достапноста на документи, информации и податоци поврзани со даночниот систем на локално ниво, како и со учеството на граѓаните во носењето одлуки.

Со цел да се креира средина со отворена, навремена, точна и непречена комуникација и да се организира координиран проток на информации и документи и соработка меѓу организациските единици, Општина Кочани со помош на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во месец Април 2023 година изработи Процедура за внатрешна комуникација. Суштината на внатрешната комуникација е таа да биде двонасочна, за да се воспостават и негуваат односи на добро разбирање меѓу градоначалникот и вработените во општинската администрација. Добрите и коректни односи создаваат и стимулираат натпреварувачка и мотивирачка организациска клима во која вработените се подготвени да одговорат на предизвиците и да се однесуваат професионално и посветено. Во овој документ се дефинирани сите видови комуникациски текови (вертикалната комуникација, хоризонталната комуникација, дијагонална комуникација, електронска и телефонска комуникација, комуникација лице в лице, интранет мрежна комуникација, внатрешна комуникација за користење на апликацијата „мЗаедница“, внатрешна комуникација за администрирање на веб-страницата на Општина Кочани и сл.)

Од направената анализа со различни бизнис сектори за главните предизвици за кои им е потребна поддршка можат да се извлечат следниве заклучоци:
Постојат локални медиуми ( телевизии, радио и веб портали) кои го покриваат работењето на општинската администрација и Советот на општината;
Комисиите и седниците на Советот на општината се пренесуваат во живо;
Сите тендери организирани од страна на општинската администрација се објавени на општинската веб-страница;

Се организираат средби на градоначалникот со претставниците од бизнис секторот, барем еднаш годишно;
Според бизнис секторот локалното деловно опкружување е релативно поволно за фирмите и сметаат дека тендерите се распределуваат на транспарентен начин, но имаат потреба од адекватен пристап до информации за финансирање, обуки, менторство или совети на разни теми;
Во областа на градежништвото, локалните фирми релативно се задоволни од тендерите кои се распределуваат на транспарентен начин и имат потреба од обуки за квалификувани мајстори;
Во преработувачката индустрија во главно се бараат програми за добука, преквалификација и менторство на кадарот согласно нивните специфични потреби;
Секторот земјоделие генерално има проблем со палењето на стрништата на нивите со што се загадува околината и претставува опасност од појава на пожари.
Во областа на туризмот, локалните угостителски објекти имаат потреба од некоја форма на здружување (комора, здружение или кластер за развој на туризмот) и недостасува меѓусебна соработка. Исто така имаат потреба од соработка со туристички агенции кои работат тури низ државата со странски гости;
Во ИТ секторот има недостаток од програми за обука водени од компанијата, менторство, практиканство во компанијата и сл.

### 7.4 Пристап до финансии

Достапноста и пристапот до финансирање е речиси секогаш голем предизвик за новите или малите бизниси. Финансиите играат клучна улога во развојот на деловните субјекти, бидејќи им овозможуваат на компаниите да спроведуваат истражувања, да ги усвојат потребните технологии за деловна дејност, како и да ги развијат и да ги комерцијализираат деловните активности. Компаниите можат да користат различни инструменти обезбедени од различни видови на финансиски посредници, инвеститори или друг тип организации, за да ги финансираат деловните активности. Пристапот до надворешни извори на финансирање често е предизвик во раните фази на развојот на бизнисот, бидејќи во оваа фаза компаниите се соочуваат со високи бариери за пристап до финансии, особено затоа што им недостигаат соодветни финансиски резултати. Тоа е потреба која е тешко да се задоволи локално, но локалната самоуправа може да ги насочи компаниите до постоечките извори на финансии што им се на располагање и можат да ги користат.
Во општина Кочани постојат експозитури на поголемите комерцијални банки и тоа:

- Стопанска Банка АД Скопје
- Комерцијална Банка АД Скопје
- НЛБ Банка Скопје
- ТТК банка АД Скопје
- Шпаркасе Банка АД Скопје
- Халк Банка АД Скопје
- Уни Банка
- Силк Роуд Банка АД Скопје

Сите овие банки нудат широка палета на кредити за правни лица ( кредити за микро и мали претпријатија, кредити за средни и големи претпријатија, краткорочни и среднорочни

кредити за финансирање на обртен капитал, долгорочни кредити за финансирање на инвестиции, кредити за обртни средства, кредити за фиксни средства, кредити за деловен простор, кредити за start-up компании, краткорочен револвинг кредит, инвестициски кредити, рамковни кредити и др.). Но сите  овие кредити се со хипотекарно обезбедување и каматните стапки се високи.

Исто така преку банките  достапни  им се и кредитни линии:

- Кредитна линија за кредитирање на развојот на микро, мали и средни претпријатија, поддршка на извозот и за трајни обртни средства преку Развојната банка на Северна Македонија (РБСМ);
- Кредити од средствата на Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд (ЗКДФ) - проект за финансиски услуги во земјоделството;
- Проект кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање нови работни места, од средствата на Агенцијата за вработување на РСМ, а со посредство на Развојната банка на Северна Македонија;
- Кредити за агроиндустрискиот сектор поддржани од УСАИД;
- Програма за поддршка на конкурентноста на МСП (SME-CSP) со бесплатна техничка поддршка и исплата на 15% грант за кредитокорисниците, финансирана од Европската Унија и развиена од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР);
- Кредитна линија од ЕИБ преку РБСМ за учество во програмата за кредитирање на МСП и средно пазарно капитализирани претпријатија VI (закрепнување од КОВИД-19);
- Кредитно-гарантна шема од Гарантен фонд преку Развојна банка на Северна Македонија;
- Програма за одржливо рестартирање на МСП финансирана од ЕБОР со бесплатна техничка поддршка и исплата на 15% грант финансиски поддржан од Норвешка, Луксембург и САД;
- Програма за субвенционирање камата по кредити дадени на компании кои ја реинвестираат добивката, реализирана во соработка со Развојна банка на Северна Македонија (РБСМ).

Постојат и национални програми за финансиска подршка на претпријатијата кои се од голема важност за пристапот до финансии од страна на препријатијата. Такви се Фонд за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување на РСМ, Министерство за економија, Министерство за финансии, Агенција за поддршка на претприемништво на РСМ, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, и сл.
Во област на земјоделието,  Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој (АФПЗРР) преку Програмата за рурален развој и ИПАРД Програмата нуди можности за финансирање и субвенционирање на регистрирани земјоделци и деловни субјекти (инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства, диверзификација на фарми и развој на бизниси, инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи, помош за млади земјоделци  или жени за започнување со земјоделска дејност...).
Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро, мали, средни и големи претпријатија.

Таква можност на пример дава ЕУ Програмата Хоризонт, но и Програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија, во кои претпријатијата можат да аплицираат или да се вклучат како партнери.

Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот Општина Кочани ги споделува на општинската веб-страница, а за потенцијалните извори на финансирање и актуелни јавни повици се организираат и тематски инфо-денови.

Според мислењето на локалните фирми - тие се задоволни од бројот на можностите за пристапот до финасии кои ги нудат банките, но изразуваат незадоволсто од условите на постоечките кредити. Односно сметаат дека имаат доволно информации за кредити, но условите на банките се неповолни за нив и не соодејствуваат со нивните потреби. Каматните стапки се високи, а грејс периодот би можел да биде подолг. Исто така сметаат дека процедурите за одобрување на кредити се доста сложени и истите може да се поедностават, а за барањата за обезбедување на кредитите преку хипотека на недвижен имот, залог на подвижни предмети, паричен депозит, банкарска гаранција, гаранција од компанија или меница сметаат дека би можел да биде намален соодносот помеѓу висината на кредитот и висината на обезбедувањето. Според преставниците на фирмите во општината причините за не инвестирање и не земање кредити се главно во лошата економска состојба, намалената куповна моќ, несигурноста, високата инфлација, а не во недостаток на извори на финансирање. Исто така тие сметаат дека би било добро да постои општински гарантен фонд за поддршка на компаниите за пристап до банкарски заеми.

### 7.5 Земјиште и инфраструктура

Бизнисите од сите видови и големини имаат потреба од физички простории и модерни капацитети за работа – работилници, канцеларии, производствени и услужни капацитети. Општина Кочани располага со градежно неизградено земјште за капацитети и по иницијатива на бизнис секторот може да одговори на потребите на бизнис заедницата. Постои многу широк опсег на можни барања во оваа област. Тие се движат од наједноставните и најосновните, како што е место за работа (мала работилница или канцеларија) до голема и скапа инфраструктура со цел да се обезбеди заедничка локација на компаниите кои соработуваат и други институции, како што се научни и технолошки паркови, бизнис инкубатори, итн.
Искуството покажува дека земјиштето и инфраструктурата честопати се дефицитарни или несоодветни за побарувачката (погрешна локација или големина, или несоодветна поради практични проблеми, премногу скапа за санирање, како што е загадувањето на земјата или оддалеченоста од јавните комунални мрежи, итн.). Сепак, искуството исто така, покажува дека трошоците за развој на повеќето локации се значителни и ако тие не се брзо пополнети со компании, тогаш трошоците за почетната инвестиција не може да се повратат.

Општина Кочани располага со градежното неизградено земјиште и има посебен Сектор за распалагање и управување со градежно земјиште преку кој се вршат објави за отуѓување на

градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија по пат на елктронското јавно наддавање.

Во општина Кочани постои индустриската зона „Лесна индустрија“ со добро развиена патна и комунална инфраструктура каде се смстени компани претежно од „незагадувачка и лесна индустрија“ како што се текстилната и преработувачка индустрија. Исто така општината има продадено голем број на градежни парцели за изградба на деловни објекти, како и за фотонапонски централи од кои една веќе е ставена во функција. Постои можност за зголемување на капацитетот на зоната со проширување на ДУП-от.
Не постои индустриски, ниту технолошки парк, но има потреба од отварање на ваков парк и оваа можност е предвидена со ГУП-от.
Има потреба и за отварање на бизнис инкубатор, а општината располага со општински имот кој би можел да се користи за оваа намена - зградата на стариот ловен дом. Исто така има можност за пренамена на постоечките нефункционални приватни деловни објекти за нови бизниси или бизнис инкубатори.
Општина Кочани располага со општински имот - Мултикултурен Центар (канцерарии на катот), канцеларии над градскиот пазар, бараката до општината или салата на Советот кој би можел да се користи за потребите на бизнис секторот: канцелариски простории (со или без споделена опрема) или за работилници за микро претпријатија или трговци поединци (со или без споделена опрема).
Општината вложува напори да ги идентификува сите општински земјишта и згради кои можат да му бидат понудени на располагање на приватниот сектор и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат, но постои недостаток од анализа и документација на сите објекти кои се во надлежност на општината и кои можат да се изнајмат или да се изврши закуп како и продажаба на земјиштето во општината за потребите на бизснис заедницата во следниот период и по барање на бизнис секторот се јавува потреба од изработка на каталог на слободно земјиште и објекти погодни за инвестиции.

### 7.6 Регулаторна и институционална рамка

Развојот на регулаторната институционална рамка е дел од процесот на трансформација на општествено-економскиот систем и изградбата на пазарната економија. Стопанството е во тесна партнерска корелација со локалната самоуправа за создавање на погодна бизнис средина. Локалната самоуправа гради партнерски односи со стопанството преку доближување и пристапност на административните услуги и процедури, едношалтерски систем и онлајн услуги. Локалните бизниси и претприемачите често се жалат дека се попречени да го развиваат својот бизнис поради неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Во однос на локалниот економски развој се идентификуваат неколку сфери каде има пречки и кои што можат да се решат или ублажат на локално ниво без да се чека некоја централна институција или Владата да го промени законодавството.

Анализата е направена од аспект на регулатива (административни пречки или комплексност на процедури) и институционална поставеност, капацитет и функционалност.

Позитивна страна за регистрација на бизнис на фирмите е што се одвива брзо, а начинот на регистрација се одвива или електронски на е-Регистрација или преку овластени регистрациони агенти или самостојно доколку се поседува дигитален сертификат. Регистрацијата на бизниси се одвива во Централен регистар и потребната документација е во зависнот од видот на претпријатие, но не е обемна и е бесплатна. Општината е одговорна за спроведување на одредени прописи и има овластување да обезбедува подршка со цел да го олесни обезбедувањето услуги, односно да дејствува во јавен интерес.

Според претставниците на бизнис заедницата, иако во последно време е постигнат одреден напредок во однос на регулаторната и институционалната рамка, сепак проблемите од минатото се провлекуваат, така што сеуште постојат некои неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Скапите и долги процедури за донесување на урбанистичко планска документација, кои се предуслов за изградба на индутриски и комерцијални капацитети, исто така значително го успоруваат економскиот развој на општината. Најголем проблем е да се поминат обемните процедури за добивање одобрение за градба. Иако постапката/процесот за добивање на одобрение го води Одделението за урбанизам при општина Кочани и се издава електронски, тоа е во координација и со други општински и државни институции, каде понекогаш може да се појави проблем. За секое поединечно одобрение е потребно време и разгледувањето на барањето за градба не се врши истовремено од повеќе институции, туку една по една, чекајќи го резултатот од претходното разгледување.
Урбанистичкото планирање, е-катастар, е-урбанизам и е-градежна дозвола функционираат преку системот на национално ниво и иако во општина Кочани постои едношалтерска канцеларија и барањата за одобрение за градба се поднесуваат електронски, сепак движењето на документите меѓу одделенијата е во печатена, а не во електронска форма и не постои координација и вмрежување на институциите на локално ниво со што би се олеснил и забрзал процесот на издавањето на одобрение за градба. Исто така општината по службена должност треба да ги набави сите документи од другите институции за кои се потребни добивање на одобрение за градење.

Преку новокреираната дигитална платформа https://eservices.eastregion.mk/ на ниво на Источен плански регион (11 општини од Источен плански регион) на граѓаните од општина Кочани веќе им се понудени нова палета на дигитални услуги.

Како предлог од претставниците на бизнис заедницата се искажа можноста Советот на општината да донесе Одлука со која start-up бизнисите би се ослободиле од даноците и таксите кои ги прибира општината и јавното комунално претпријатие до определен временски рок одрегистрацијата на компанијата.
Констатиран е недостаток на меѓусебна соработка и за таа цел е потребно да се формира мрежа за соработка со локалните чинители.

**7.7 Вештини и човечки ресурси**

Од особено значење е да се најде рамнотежа меѓу сегашната и идната побарувачка за вештини на приватниот сектор и понудата на достапни соодветно квалификувани лица. Тие може да се најдат меѓу лица кои завршуваат училиште, факултет или обука, лица кои се враќаат во локалното место по период на отсуство (на пр. работа во странство), лица кои се враќаат на пазарот на трудот (особено жени) или лица кои транзитираат од опаѓачки во растечки сектор.

Развојот на работната сила е релативно нов концепт за општината и општа констатација е дека образовниот систем не соодејствува на реалните потреби на бизнис секторот. Работната сила, односно трудот е еден од основните фактори во производството, од кој заедно со капиталот зависи репродукцијата и развојот на секоја национална економија. Анализата на состојбите со работната сила во Општина Кочани се однесува на активноста на населението, невработеноста, трошоците на работна сила по вработен и продуктивноста на трудот на вработените.

Активноста на населението е економска и демографска категорија и притоа анализата ги опфаќа следниве категории: работоспособно население, работна сила, вработени и невработени лица, неактивно население и непознато.

| Работоспособно население на 15 години и повеќе | Број | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Работоспособно население - лица | 27202 | 13373 | 13829 |
| Активно население | 13293 | 6883 | 6410 |
| Активно население - вработени | 11557 | 5864 | 5693 |
| Активно население - невработени | 1736 | 1019 | 717 |
| Неактивно население | 13071 | 6065 | 7006 |
| Непознато | 838 | 425 | 413 |

*Табела3: Активност на население во општина Кочани според Попис на население 2021*

Во следната табела дадени се податоци од АВРСМ на активно население – невработени лица во последните 5 години (вкупен број и број на жени).

| Општина Кочани | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | до 31.10 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| Невработени лица | 2489 | 1049 | 3598 | 1610 | 2850 | 1376 | 2341 | 1132 | 1851 | 887 |

*Табела 4: Број на невработени лица од активното население во општина Кочани*

Од податоците од АВРСМ направена е анализа на активно население – невработени по следните категории: застапеност во урбана и рурални средини, возрасна структура, школска подготовка, време на чекање на вработување и национална структура.
Од анализите може да се изведат следниве заклучоци:

Во анализираниот период (2019-2023 година) имаме скоро константен однос на бројот на невработени во градот во однос на селата;
Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека бројот на невработени лица е во опаѓање по завршување на пандемијата КОВИД 19. Бројот на невработени мажи е поголем во однос на невработените жени. Во однос на возрасната структура околу 45 % се невработени лица постари од 50 години;
Според школската подготовка најголем е бројот на невработени лица без образование и со основно образование, како и со непотполно средно образование, односно околу 70%;
Процентот според времето на чекање во текот на годините е константен, а најголем број на невработени лица кои чекаат на вработување е од 1 месец до 2 години (околу 70%), додека лицата кои чекаат на вработување над 4 години се околу 20 %;
Според податоците дадени за анализираните години се гледа дека најголем е бројот на невработени лица од македонска и ромска националност, додека другите националности се во незначителен број и од анализата може да се заклучи дека, како кај Македонците така и кај Ромите имаме зголемување на невработеноста за време на КОВИД 19 пандемијата во 2020 година, потоа во наредните години се забележува опаѓање на бројот на невработени.

Од направената анализа со различни бизнис сектори за главните предизвици со кои се соочуваат во оваа област, можат да се извлечат следниве заклучоци:

- Генерално во сите сектори постои проблемот со недостаток од квалификувана работна сила ( потреба од обуки, преквалифиција, практикантство за млади луѓе, оформување на паралелки со стручно дуално образование согласно потребите на бизнис секторот);
- Во трговскиот сектор има потреба од практикантство за млади луѓе, посебни понуди за олеснување на вработувањето на жени или членови на обесправени или малцински групи;
- Во преработувачка индустрија има несовпаѓање на понудата и побарувачката ( Мерките и обуките кои ги спроведува Центарот за вработување да бидат во координација и согласно со потребите од бизнис секторот. Програми за обука водени од компанијата, практикантство во компанијата и сл.)
- Во земјоделскиот сектор има проблем со недостаток од сезонска работна сила и истиот би можело да се надмине со рамена на работници од други општини согласно сезонските потреби;
- Има дедостаток од квалификувана работна сила особено од областа на преработувачката и ИТ индустријата;
- Постои една гимназија со економски паралелки и едно средно стручно училиште со електро, машинска, сообраќајна и информатичка насока, каде почна со функционирање на паралелки со дуално образование со пракса кај работадавачите во двете средни училишта што би допринело за формирање на стручен и квалификуван кадар подготвен да се вклучи на пазарот на труд
- Обуките од Центарот за вработување не се во координација со компаниите и со потребите од бизнис секторот и нема посебни мерки за поддршка на бизнисот за таргетирани групи како што се жените, малцинствата и младите;

- Општината има добра соработка со НВО секторот за работа со ранливи категории на граѓани и малцински групи, но недостасува соработка со НВО секторот посебно во областа на намалување на невработеноста и преквалификација на стручен кадар;
- Има потреба од кординација меѓу општината, бизнис заедницата и образовните и обучувачки институции преку организирање на заеднички редовни состаноци.

Трендот на миграција кон економии каде повеќе е платена работната рака е глобален и локалната самоуправа нема механизми за справување со истиот. Евидентен е недостаток на сезонска работна сила, претежно во земјоделието.
Долгорочно за очекување е висококвалификуваниот кадар да е дефицитарен, како резултат на миграцијата во соседните општини каде има поголеми производни капацитети, во главниот град или во странство.

### 7.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Таканаречените „локациски фактори“ силно влијаат на тоа дали претприемачите и инвеститорите од приватниот сектор ќе ја лоцираат својата деловна активност на едно место, наместо на друго место. На некои - но не на сите - може да се влијае преку локална активност. Добро е документирано дека некои од овие фактори се однесуваат на согледаната „привлечност“ на одредено место и на општата „слика“ што тоа ја проектира кон надворешниот свет. Во секоја земја, за жал, има места кои инвеститорите ќе ги избегнуваат, а претприемачите настојуваат да ги напуштат бидејќи не се „сметаат“ за добро место да се престојува и да се води бизнис.
Многу од овие фактори всушност можеби не се поврзани со непосредното деловно опкружување. Тие може да се однесуваат на прашања со квалитетот на животот, физичката привлечност, еколошката и културната привлечност на едно место. Тоа е особено важно за местата кои се обидуваат да привлечат инвестиции однадвор.
Во некои ситуации, местата стануваат непривлечни бидејќи се во спирала на опаѓање. Излегувањето од спиралата секако бара многу типови на дејствување: некои од нив се да се создаде надеж или перспектива. Едноставно да ги натерате луѓето во еден мал град да работат заедно, да се гордеат со својата област, да развијат прилики за славење наместо конфликт или поплаки, може да бидат дел од долгиот процес за промена на внатрешната динамика и надворешната слика на местото.

Географската местоположба на општината, природните ресурси со кои располага и препознатливост на општината како туристичка дестинација се најзначајни во креирањето на имиџот. Особено се истакнуваат локалните прозиводи по кои е препознаена општина Кочани како што е кочанскиот ориз.
Општина Кочани го има единствениот зимски туристички центар во Источниот плански регион – Пониква се изградени неколку сместувачки капацитети, спортско рекреативни објекти, ски патеки со ски лифтови, викенд населба, а посебна привлечност нуди ловниот резерват Осогово со трофеен дивеч. Природните убавини, еколошката чистота и богатството со дивеч се одлични предуслови овој дел од Осоговските планини да се развие

во европски туристички центар. Со еден збор кажано компаративни предности за прераснување на овој локалитет во препознатливо место постојат и истите треба да се искористат. Иако локалитетот Пониква е атрактивен, денеска е недоволно развиен, со мали сместувачки капацитети, а се работи за единствен зимски туристички локалитет источниот дел на Република Македонија и затоа е потребно да се инвестира во подобрување на туристичката инфраструктура.

Друг природен ресурс по кој е препознатлива Општина Кочани е геотермалната вода кој дава можности за широка примена со значајни економски, енергетски и еколошки ефекти. Геотермалната вода во актуелниот момент се применува само за топлификација на оранжерискиот комплекс и за топлификација на дел од градот Кочани (две училишта и зградата на Основниот суд), и е недоволно искористен.

Општина Кочани организира повеќе културни настани и манифестации ( Денови на кочанскиот ориз, Петровденски конаци, Драмски аматерски фестивал, Ликовна колонија „Св.Пантелејмон“), но има недостасток од органиизрање на настани за промоција на бизнисите (саеми, форуми...)

Градот Кочани во минатото беше прогласен за најчист град во државата, а и сега добро се грижи за зелените површини (реконструиран градскиот парк, детски игралишта...), но сега се соочуваме со имиџ на град со преполни контеѓери, диви депонии и кучиња скитници во центарот на градот.

Можни активности кои лесно би можеле да се спроведат за подобрување на имиџот на Општина Кочани:

- Да се инвестира во подобрување на инфраструктурата од буџетот на општината и преку аплицирање на проекти до домашни и меѓународни институции;
- Подобрување на општинската веб-страница заради поголема транспарентност и подобра информираност и подобра промоција;
- Подготовка на општински инвестициски водич за промоција на општината како атрактивно место за инвестирање;
- Да се организира бизнис форум, кој ќе им овозможи на потенцијалните инвеститори да се сретнат со постоечките бизниси за да разговараат за деловното опкружување и придобивките од водење бизнис во општина Кочани;
- Организирање на акции за чистење на дивите депонии.

## 8. SWOT Анализа

SWOT анализата е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите. Тоа е всушност методологија која се користи во подготвителната фаза во изработка на стратешките документи во поглед на утврдување на визијата, целите и активностите поврзани меѓусебно. Со цел да биде корисна

во процесот на изработка на План за локален економски развој, SWOT анализата мора да гледа кон напред, односно мора да ги земе предвид не само тековните предизвици, туку и претстојните предизвици. Тоа е од особено голема помош за идентификување на областите за развој.

| **СИЛНИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|---|
| • Местоположбата на општината, како и близината до аеродромот и релативно добра поврзаност со Скопје<br>• Природни богатства (планини, геотермални води) и услови за развој на туризмот ( зимски, спа и рурален)<br>• Поволни услови за искористување на ОИЕ (2.222 сончеви часа годишно)<br>• Обновена и со подигнат квалитет магистралната патна инфраструктура<br>• Функционална индустриска зона<br>• Добро развиено земјоделие (оризопроизводство)<br>• Постоење на многу банки кои нудат финансиски услуги за компаниите<br>• Добра покриеност со ДУП ови<br>• Ниска стапка на невработеност во однос на националниот просек<br>• Добра квалификувана работна сила на пониски нивоа<br>• Ниска цена на работната сила<br>• Достапност за ново дефинирани парцели од ДУП-ови за потенцијално нови или заинтересирани инвеститори | • Недостаток на квалитетни високобразувани кадри особено во преработувачката индустрија<br>• Неусогласеност на образованието со потребите на бизнис секторот<br>• Природниот и геотермалниот потенцијал не се доволно искористени (има студии, ДУП ови, документација, но недостатасуваат инвестиции)<br>• Високи стапки на невработеност на лица со незавршено основно и основно образование<br>• Невработеното население не е заинтересирано за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации)<br>• Недостаток на организации за поддршка на претпријатијата или претприемништвото<br>• Земјоделие засновано на монокултура (ориз) и расцепкани земјоделски парцели<br>• Недоволно развиено ЈПП<br>• Недоволна поврзаност помеѓу претпријатијата<br>• Неповолни извори на финансирање за компаниите<br>• Незадоволителна состојба на комуналната и локалната патна инфраструктура<br>• Недоволна дигитализација на услугите<br>• Нерешени имотно правни односи ( пр. за реализација на ДУП ови)<br>• Не се води доволно грижа за заштита на животната средина |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |

| | |
|---|---|
| • Програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места<br>• Достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво<br>• Повици за компаниите преку ФИТР<br>• Можност за финансирање од домашни и странски фондации<br>• Пристап до транспортните коридори<br>• Заинтересираност за искористување на ОИЕ-изградба на фотонапонски централи<br>• Зголемена побарувачка за спа и велнес услуги<br>• Постојна регулатива за заштита на локални брендови (пр.оризот)<br>• Зголемена побарувачка за органски производи<br>• Финансиска поддршка на земјоделството за единица произведена култура или нов посев (субвенции)<br>• Консолидација на земјоделското земјиште -окрупнување на земјоделските површини<br>• Можност за пренамена на постоечките нефункционални деловни објекти за нови бизниси или бизнис инкубатори<br>• Заинтересираност за отварање на Центри за откуп и преработување на земјоделски производи<br>• Можност за водоснабдување, наводнување и производство на електрична енергија со изградба на браната Речани<br>• Можност од изградба на гасоводот во источниот регион | • Голема миграција и иселување на населението на државно ниво<br>• Влијание на кризата предизвикана од пандемијата ковид-19<br>• Продлабочување на енергетската криза<br>• Вонредна состојба поради непредвидени околности<br>• Затворање на постојни работни места со тренд на зголемена стапка на невработеност<br>• Конкуренцијата која доаѓа од ТИРЗ и соседните општини<br>• Неспроведување на закони (недоречености и неусогласености)<br>• Блокади од надворешни фактори за предходно добиени пазари ( пр. Антура и Амфенол)<br>• Последици од климатски промени во земјоделието и шумарството, намалување на количина на вода, емисии на $CO_2$, итн. |

*Табела 5: SWOT анализа на тема локална економија во општина Кочани*

## 8. Визија и цели

Визијата е опис на претпочитаната економска иднина на засегнатите страни за заедницата, тоа е нејзината „дестинација“, нејзината изјава за тоа каде метрополата, општината, градот или заедницата сака да биде во иднина во однос на раст, развој и вработување како резултат на спроведување на својот план. Иако визијата можеби нема да биде целосно остварлива, таа ѝ дава на заедницата јасно чувство за насока. „Визионирањето“ (процесот на создавање визија) треба да биде и имагинативно и реалистично. Врз основа на Визијата ќе се развијат цели, активности и проекти. Целото партнерство треба да биде вклучено во развојот на оваа Визија.

Во таа насока засегнатите страни во општина Кочани ја имаат следната:

**Визија**

***Општина Кочани – паметна, зелена и енергетски ефикасна општина, препознатлива како туристичка дестинација за зимски, спа и рурален туризам, со одржлив економски развој и максимална искористеност на обновливите извори на енергија***

Стратешките цели упатуваат на конкретни резултати кои заедницата сака да ги постигне. Постигнувањето на целите како резултат на спроведувањето на Планот значи доближување до Визијата. Тие ја продлабочуваат Визијата и даваат чувство на тоа „како" Визијата ќе почне да се реализира. Дефинираните стратешки цели на општина Кочани се:

**Стратешка цел 1**

***Развиен зимски, спа и рурален туризам преку поголема искористеност на природните богатства и геотермалниот потенцијал***

**Стратешка цел 2**

***Одржлив економски развој преку подобрена инфраструктура, дигитализирани услуги и услови за развој на нови бизниси***

**Стратешка цел 3**

***Енергетски ефикасна општина преку максимална искористеност на обновливите извори на енергија и чиста животна средина***

## 10. Акциски план

| *Градежни блокови* | *Стратешки цели* | *Активности / проектни идеи* | *Времетраење (почеток/крај)* | *Вклучени партнери* | *Предвидени трошоци* | *Резултати (директни -outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Земјиште и инфраструктура<br><br>2.Надворешно позиционирање и маркетинг<br><br>3.Локална соработка и вмрежување | 1.Развиен зимски, спа и рурален туризам преку поголема искористеност на природните богатства и геотермалниот потенцијал | 1.1. Подготовка на промотивен материјал и туристички пакети | 2024 | Општина Кочани Туристички агенции | 200.000 | Подобрени услови за развој на туризмот и зголемен број на туристи | Подготвени и испечатени тематски флаери и еднодневни и повеќедневни туристички пакети |
| | | 1.2. Подготовка на ЛУПД за Лешки-Пашаџиково туристичка населба и угостителски објекти | 2024-2025 | Општина Кочани | / | Создадени услови за градба на викенд куќи и угостителски објекти | Изработена ЛУПД |
| | | 1.3. Подготовка на техничка документација за развој на СРТЦ Пониква и Царев Врв (ски лифтови, жичари, инфраструктура..) | 2024-2025 | Општина Кочани | 10.000.000 | Создадени услови за изградба на туристичка инфрастриктура | Изработена техничка документција |
| | | 1.4. Изградба на брана со придружни објекти „Пониква 1“-Арамиска чешма | 2025-2027 | Општина Кочани | 140.000.000 | Создадени услови за водоснабдување на СРЦ Пониква | Изградена брана со придружни објекти |
| | | 1.5. Главна водоводна мрежа во СРТЦ Пониква и доводен цевковод кај идна акумулација Пониква 1 до резервоарите 1 и 2 за водоснабдување на СРТЦ Пониква | 2025-2026 | Општина Кочани | 40.000.000 | Изграден водоснабдителен сиситем | Број на приклучени објекти на водоснабдителниот систем |
| | | 1.6. Изградба на систем за одведување и третман на отпадни фекални и атмосферски води во СРТЦ Пониква | 2025-2026 | Општина Кочани | 157.000.000 | Изграден канализационен сиситем | Број на приклучени објекти на канализациониот систем |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.7. Опремување на планинарскиот дом на Пониква | 2024 | Општина Кочани | 2.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Ставен во функција планинарскиот дом |
| | | 1.8. Покривање на градскиот базен и воведување на геотермална вода | 2025-2026 | Општина Кочани КЈП Водовод | 20.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот и спортот | Ставен во функција градскиот базен преку целата година |
| | | 1.9. Изработка на техничка документација за изградба на спа центар со геотермална вода | 2024-2025 | Општина Кочани КЈП Водовод | 3.000.000 | Создадени услови за изградба на спа центар | Изработена техничка документација |
| | | 1.10. Опремување и отварање на Туристички Инфо Центар во МКЦ | 2024 | Општина Кочани | 500.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Ставен во функција Туристичкиот Инфо Центар во МКЦ |
| | | 1.11. Збогатување на СРТЦ Пониква со нови содржини за летен и зимски туризам | 2025-2026 | Општина Кочани | 25.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Број на нови содржини на СРТЦ Пониква |
| | | 1.12. Уредување на парк околу споменикот на Слободата | 2024-2025 | Општина Кочани | 12.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Уреден парк со нови содржини |
| | | 1.13. Реконструкција и оплеменување на СРЦ Бавчалук | 2025-2026 | Општина Кочани | 6.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Реконструиран СРЦ со нови содржини |
| | | 1.14. Повеќенаменско игралиште под Брана Гратче | 2024-2025 | Општина Кочани | 8.000.000 | Подобрени услови за развој на туризмот | Изградено игралиште |
| 1.Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција<br><br>2.Вештини, човечки | 2.Одржлив економски развој преку подобрена инфраструктура, дигитализирани услуги и услови за развој на нови бизниси | 2.1. Изработка на дата база на општински објекти и локации кои можат да се понудат на инвеститори | 2024-2025 | Општина Кочани | / | Создадени услови за поефикасна понуда на општински објекти на потенцијални инвеститори | Формирана дата база |
| | | 2.2. Изработка на дата база на приватни деловни објекти кои можат да се понудат на инвеститори | 2024-2025 | Општина Кочани Бизнис сектор | / | Создадени услови за поефикасна понуда на приватни објекти на потенцијални инвеститори | Формирана дата база |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ресурси, инклузивност<br><br>3.Локална соработка и вмрежување | | 2.3. Дигитализирање на општинските услуги (функционален едношалтерски систем) | 2024 | Општина Кочани | / | Создадени услови за е-општина | Воспоставен функционален едношалтерски систем |
| | | 2.4. Изработка на инвестициски водич за општина Кочани | 2024-2025 | Општина Кочани Бизнис сектор | 200.000 | Создадени услови за привлекување на инвеститори | Изработен инвестициски водич |
| | | 2.5. Обука на бизнис секторот за дигитална трансформација | 2024 | Општина Кочани Бизнис сектор | / | Обучени бизнис субјекти за дигитална трансформација | Број на учесници на обуката |
| | | 2.6. Реконструкција и изградба на патната инфраструктура во општина Кочани | 2024-2027 | Општина Кочани | 50.000.000 | Изградена и реконструирана патна инфрструктура | Должина на реконструирани и изградени патишта |
| | | 2.7. Формирање на локален економски совет во општина Кочани | 2024 | Општина Кочани Бизнис сектор | / | Поголема вклученост на бизнис секторт | Одржано основачкао собрание на ЛЕС |
| | | 2.8.Заеднички иницијативи на образовните институции и бизнис секторот (промоции, предавања, споделување практични искуства) | 2024-2027 | Општина Кочани Бизнис сектор Образовни институции | / | Зголемена координација помеѓу образовните институции и бизнис секторот | Број на состаноци<br><br>Број на нови паралелки со дуално образование |
| | | 2.9. Креирање на hub за start-up компании и споделување на работен простор | 2024-2025 | Општина Кочани Бизнис сектор | 18.000.000 | Подобрени услови за развој на малите бизниси | Креиран hub<br>Број на start-up компании кои го користат |
| | | 2.10. Формирање на социјални претпријатија со цел вработување на жени (со фокус на жени Ромки и жени од рурални средини) | 2024-2027 | Општина Кочани Заинтересирани граѓани | / | Формирани социјални претпријатија | Број на формирани социјални претпријатија<br>Број на вклучени жени/ромки |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Земјиште и инфраструктура<br><br>2.Вештини, човечки ресурси, инклузивност<br><br>3. Локална соработка и вмрежување | 3.Енергетски ефикасна општина преку максимална искористеност на обновливите извори на енергија и чиста животна средина | 3.1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти | 2024-2027 | Општина Кочани | 30.000.000 | Зголемено производство на електрична енергија од ОИЕ | Број на нсталирани фотоволтаични системи<br>Инсталирана моќност во KWh |
| | | 3.2. Проширување на ДУП-от со нови парцели за изградба на фотоволтаични централи | 2024-2025 | Општина Кочани | / | Донесен ДУП | Број на нови парцели предвидени за изградба на фотоволтаични централи |
| | | 3.3. Реконструкција на фасади, кровови, столарија и системи за ладење и греење за енергетска ефикасност на јавните објекти во општина Кочани | 2024-2027 | Општина Кочани | 100.000.000 | Зголемена енергетска ефикасност во јавните објекти | Број на реконструирани јавни објекти |
| | | 3.4. Изградба на канализациони системи во општина Кочани | 2024-2027 | Општина Кочани | 20.000.000 | Зголемена заштита на животната средина | Должина на изградени канализациони сиситеми |
| | | 3.5. Акции за расчистување на дивите депонии | 2024-2027 | Општина Кочани | / | Зголемена заштита на животната средина | Број на исчистени диви депонии |
| | | 3.6. Подготовка на техничка документација за изградба на систем за греење во индустриската зона „Лесна индустрија“ од биомаса и геотермална енергија | 2025-2027 | Општина Кочани<br>КЈП Водовод | 5.000.000 | Создадени услови за изградба на системот за греење во индустриската зона „Лесна индустрија“ | Изработена техничка документација |
| | | 3.7.Подготовка на техничка документација за производство на електрична енергија од геотермална енергија | 2024-2025 | Општина Кочани<br>КЈП Водовод | 10.000.000 | Создадени услови за изградба на централа за електрична енергија од геотермална вода | Изработена техничка документација |
| | | 3.8. Субвенции за инвертер клими и печки на пелети | 2024-2027 | Општина Кочани | 4.000.000 | Зголемена заштита на животната средина и | По 100 субвенционирани граѓани годишно |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | намалување на аерозагадувањето | По 1.000.000 ден. од општинскиот буџет за субвенции |
| | | 3.9. Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување во општина Кочани | 2024 | Општина Кочани | 3.500.000 | Воспоставен модерен и паметен систем за мерење и управување со јавното осветлување во Општина Кочани | Вградени IoT контролери во 85 улични клабинети |
| | | 3.10. Набавка на електрични возила за потреба на администрацијата | 2025 | Општина Кочани | 1.500.000 | Зголемена заштита на животната средина и поефикасна администрација | Број на набавени електрични возила |

## 11. Мониторинг и евалуација

За успешно следење и реализација на стратешкиот план е потребно мониторинг, евалуација и имплементација на Стратегијата за ЛЕР на Општина Кочани. Сето ова е важно за финална употреба на стратегијата, од теоретска во практична гледна точка.

Табелата на Акцискиот план ја прикажува општата логика на предложените интервенции и некои основни информации за временската рамка за активноста, буџетот и одговорните страни. За квалитетно планирање, исто така е важно да се има јасно разбирање за тоа кои неопходни фази од секоја активност ќе се одвиваат и во кое време. Пожелно е да се развие план на календар по месец за секоја активност со цел да се потврди дека е реална временски, а исто така и да се добие целосна слика за динамиката на спроведување на Стратегијата за ЛЕР во текот на четирите години, кој ќе биде за интерна употреба.

Во текот на секоја година од имплементацијата на стратешкиот план, Секторот за планирање и развој треба да поднесе извештај до Советот на општината односно Градоначалникот, претставувајќи ги истовремено резултатите на работата во претходниот период и планираните програми и проекти за следниот период. Покрај информациите за реализираните и планираните активности, извештајот треба да содржи доволно информации за тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на тековните програми и цели, а во исто време и информации од претходните години (т.н. ревизија на планот). Тоа ќе овозможи општинските органи (Советот на општината и Градоначалникот) да можат да дадат насоки и инструкции за планот во наредната година.

Во текот на годината општинскиот тим за ЛЕР има редовни тримесечни средби на кои се анализираат тековните моменти од спроведувањето на стратешкиот план, постигнатите резултати и индикатори, како и сите проекти и програми во тековната година. Со овој процес се овозможува континуирано следење и контрола на стратешкиот план во текот на четирите планирани години, а во исто време е можна оцена на планираните и спроведените мерки за поттикнување и поддржување на економскиот развој во општината.

II.

Стратегијата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-291/1 | Претседател |
| 26.01.2024 година | на Советот на Општина Кочани, |
| К о ч а н и | Лазо Митев |

Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и во согласност со членот 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/03, 62/06,8/09,175/011 и 101/2013 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26 .01.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани

### Член 1

Советот на Општина Кочани врши расходување на постојани средства и ситен инвентар врз основа на предлозите за расходување на постојани средства од Пописната комисија на Општина Кочани за попис на постојаните средства за 2023 година и од Комисијата за вршење попис на ситен инвентар за 2023 година, прифатени од Централната пописна комисија и Градоначалникот на Општина Кочани и тоа:

Предлог листа за расходување предложена од систем администраторот се однесува за следните основни средства:

| ШИФРА | НАЗИВ | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ 022 | ВКУПЕНО ОТПИС 029 | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 06815 | Компјутер | 3 | 232.859 | 232.859 | 0 |
| 06852 | Компјутер | 3 | 342.489 | 342.489 | 0 |
| 06814 | ПРИНТЕР ХП 2055 | 2 | 104.975 | 104.975 | 0 |
| 06872 | ПРИНТЕР ХП 2055 | 1 | 120.139 | 120.139 | 0 |
| 24054 | КОМПЈУТЕР ХП 250Г5 | 1 | 44.586 | 42.869 | 2.013 |
| 06930 | ПЛОТЕР | 1 | 194.292 | 194.292 | 0 |
| 06861 | ФОТОКОПИР | 1 | 328,203 | 328.203 | 0 |
| | ВКУПНО | | 1.039.668 | 1.365.826 | 2.013 |

Образложение:

- Ставка 1 - 6

Техничката опрема (постари од 6 години) е застарена, не е во функција (неисправна) и не е исплатливо нивно поправање.

Предлог листа за расходување на основни средства предложена од ТППЕ Кочани се однесува за следните основни средства:

1.Дрвени столици (донација) - 10 броја од пописна листа бр.67 ред.бр.34
2.Розенбауер пумпа - 1 број од пописна листа бр.67 ред.бр.39
3.Холматро хидраулични ножици – 1 број од пописна листа бр.66 ред.бр.19
4.Лукас хидраулични ножици – 1 број од пописна листа бр.66 ред.бр.20
5.Термо печка – 1 број од пописна листа бр.67 ред.бр.38
6.Фотоапарат никон – 1 број од пописна листа бр.67 ред.бр.30

| ШИФРА | НАЗИВ | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ 022 | ВКУПЕНО ОТПИС 029 | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 0930 | МЛАЗНИЦА КОМЕТ | 1 | 13.941 | 13.941 | 0 |
| 0929 | МЛАЗНИЦА КОМЕТ | 1 | 22.292 | 22.292 | 0 |
| 0948 | ЗАШТИТНА МАСКА ДРЕГЕР | 5 | 6.183 | 6.183 | 0 |
| 24114 | БАТЕРИСКА ГРБНА ПРСКАЛКА | 4 | 7.796 | 3.196 | 4.600 |
| 24091 | ДИГИТАЛЕН ФОТОАПАРАТ НИКОН | 1 | 7.212 | 4.544 | 2.668 |
| | ВКУПНО | | 57.424 | 50.156 | 7.268 |

Постојните средства се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

Предлог листата е прифатена од страна на Централната пописна комисија

- Рекапитуларна табела на ствари кои се за отпишување:

| Р.бр. | Збир од попишан не функционален ситен инвентар | |
|---|---|---|
| 1. | ПП Јаже | 10 |
| 2. | Цревни мостови за ТППЕ | 9 |
| 3. | Челични метлици за ТППЕ | 10 |
| 4. | Сор со рачка | 3 |
| 5. | Лопати | 3 |
| 6. | Вили | 5 |
| 7. | Кофа за вода | 1 |

Член 2

Постојаните средства и ситниот инвентар се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-289/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 година), а во согласност со член 12 и 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (Службен весник на Република Македонија бр. 54/2012,17/2013,21/2013 и 142/2014 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

Одлука
за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2023

Член 1

Со оваа одлука се утврдуват просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2024 година а врз основа на просечната цена од извршените купопродажби во 2023година. Истата е во согласност со Одлуката за определување на пазарни зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани и разграничувањето по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште Кочани бр.09-1996/1 од 14.11.2023 г.

Член 2

Просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Кочани утврдени со оваа одлука се основа за пресметување на даноците на имот,наследство, подарок и промет на недвижности во управна постапка пред органите на општина Кочани.

Член 3

Во долу наведените табели е даден преглед со пресметана просечна цена на градежно и земјоделско земјиште изразена во денари по метар квадратен:

Земјоделско земјиште запишано во Имотните листови за :
К.О. Кочани, К.О. Оризари, К.О. Прибачево, К.О. Грдовци,Мојанци, К.О. Г.Подлог, К.О. Д.Подлог, К.О. Мојанци, К.О. Тркање, К.О. Бели, К.О. Нивичани

| | 1-ва класа | 2-ра класа | 3-та класа | 4-та класа | 5-та класа | 6-та класа | 7-ма класа | 8-ма класа | неплодно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оризна нива | 25 | 58 | 55 | 34 | 31 | 31 | 31 | 31 | 3 |
| Ниви | 52 | 26 | 40 | 27 | 24 | 460 | 19 | 36 | 3 |
| Интензивен овоштарниk | 22 | 55 | 49 | 43 | 20 | 37 | 37 | 37 | 3 |
| Интезивни лозја | 61 | 55 | 87 | 79 | 63 | 50 | 37 | 37 | 3 |
| Градини | 92 | 86 | 80 | 74 | 68 | 61 | 61 | 61 | 3 |
| Ливади | 37 | 33 | 24 | 62 | 50 | 40 | 36 | 28 | 3 |
| Шуми | 37 | 34 | 31 | 92 | 84 | 76 | 60 | 28 | 3 |
| Пасишта | 25 | 23 | 52 | 73 | 58 | 46 | 37 | 30 | 28 |

Земјоделско земјиште во ридско планинските подрачја запишано во Имотните листови за : К.О. Пантелеј, К.О.Пашаџиково, К.О.Г.Градче, К.О.Црвена нива, К.О.Рајчани, К.О. Јастребник, К.О.Полаки, К.О.Вранинци, К.О.Безиково, К.О.Пресека, К.О.Новосело, К.О.Костиндол,Речани,Главовица, К.О.Небојани

| | 1-ва класа | 2-ра класа | 3-та класа | 4-та класа | 5-та класа | 6-та класа | 7-ма класа | 8-ма класа | неплодно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниви | 34 | 31 | 28 | 25 | 22 | 18 | 45 | 12 | 3 |
| Интезивен овоштарник | 49 | 43 | 37 | 31 | 25 | 18 | 12 | 6 | 3 |
| Интезивни лозја | 61 | 55 | 49 | 43 | 37 | 37 | 37 | 37 | 3 |
| Градини | 92 | 86 | 80 | 74 | 68 | 61 | 61 | 61 | 3 |
| Ливади | 37 | 34 | 52 | 62 | 3 | 40 | 36 | 28 | 3 |
| Шуми | 37 | 251 | 31 | 92 | 84 | 10 | 60 | 28 | 3 |
| Пасишта | 12 | 11 | 52 | 62 | 101 | 40 | 32 | 30 | 28 |

3. *Градежно земјиште*

| | |
|---|---|
| ПРВА ЗОНА | 3О56 |
| ВТОРА ЗОНА | 711 |
| ТРЕТА ЗОНА | 844 |
| ЧЕТВРТА ЗОНА | 566 |
| ПЕТА ЗОНА | 178 |
| ШЕСТА ЗОНА | 9960 |

За земјоделското и градежното земјиште за кое по зони, групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на општина Кочани нема податоци за извршени купопродажби во текот на 2023 г.,просечната цена е определена врз основа просечниот надоместок за метар квадратен експроприрано земјоделско земјиште на подрачјето на општина Кочани и врз основа на споредбените податоци за земјоделското земјиште,шумите и пасиштата како и градежните земјишта кои се во промет во општините кои се соседни на општина Кочани.

Член 4

Со донесувањето на оваа одлука ќе престане да важи Одлуката за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани бр. 09-458/1 од 17.02.2023 година, објавена во Службен гласник на Општина Кочани бр.02/2023".

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани"

Бр.09-290/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритетен инвестициски проект

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува следниот проект за приоритетна инвестиција:
- Замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални и вертикални повеќемлазни водомери комплет со (Clip ON) радио модел како и замена на старите хоризонтални водомери со нови ултразвучни водомери и комбинирани водомери и нивна интеграција во системот за далечинско одчитување на КЈП „Водовод" - Кочани со негова надградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско одчитување.

Општина Кочани, ќе аплицира за реализација на овој проект во рамки на Проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија преку Министерство за животна средина и просторно планирање, финансиран преку заем од Европската Инвестициска Банка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани".

Бр.09-293/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Кочани да го потпише Договорот за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Кочани и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Кочани, да го потпише Договорот за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) меѓу Општина Кочани и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани”.

Бр.09-294/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3 став 1 точка 4, членот 6 и членот 7 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021 И 173/2022), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 26.01.2024

година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност за примање на донација, опремување на сензорни соба, дефектолошко катче од страна на Германско Друштво за Интернационална Соработка - ГИЗ, Проект за Социјални Прва на Ранливи Групи – СоРи III

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност за примање на донација од Германско Друштво за Интернационална Соработка - ГИЗ, Проект за Социјални Прва на Ранливи Групи – СоРи III во рамки на Проект за социјални права на ранливи групи- СоРи III.

Член 2
Опремата се состои од дидактички материјали и дидактички помагала кои ќе бидат наменети за опремување на ресурсните соба, дефектолошкото катче за дефектолошки третмани за деца со попреченост инклузирани во редовните одделенија во рамките на ООУ Св.„Кирил и Методиј“ во Кочани.
Обука за стручни лица дефектолози кои одговарат на потребите и можностите во училиштето.

Член 3

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3
Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

Член 4
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-295/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019 И 275/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на трајно управување и користење, без надомест, на изградена водоводна, фекална и атмосферска канализациска мрежа во 2023 година на КЈП „Водовод“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на КЈП „Водовод“ – Кочани се даваат на трајно управување и користење, без надомест, следните недвижни ствари:

**ИЗГРАДЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ПО УЛИЦИ**
**ЗА ПЕРИОД 2023 ГОДИНА**

| | **УЛИЦА**<br>**Вид на цевка материал и спојни елементи** | **Главна линија** | | **Приклучоци** | | **Вредност на чинење (со ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Попр. пресек Ф мм** | **Долж. во метри** | **Попр. пресек Ф мм** | **Долж. во метри** | |
| 1 | **ул. Димитар Влахов (кружен ток Стришани)** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 25/10 | 40.00 | | | |
| | ПЕХД црево | 32/10 | 35.00 | | | |
| | ПЕХД црево | 40/10 | 5.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **22.968,70** |
| 2 | **ул. Димитар Влахов (приклучок на зграи )** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 32/10 | 10.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **21.889,00** |
| 3 | **ул. Теодосија Паунов** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 25/10 | 10.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **16.252,14** |
| 4 | **Фонтани во Кочани (кај тинекс, трговски, Оризари)** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 63/10 | 5.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **10.624,72** |
| 5 | **ул.Шукри Шаин** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 32/10 | 5.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **13.653,78** |
| 6 | **Фонтани (ул.С.Ербапче, ул.Т.Паунов)** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 20/10 | 12.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **21.052,38** |
| 7 | **Чешми во ГТЦ и Оризари** | | | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **2.122,82** |
| 8 | **Фонтани и Градско зеленило** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 32/10 | 88.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **48.164,06** |
| 9 | **Градски парк** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 20/10 | 30.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **8.389,80** |
| 10 | **Фонтани и улици во Кочани** | | | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **36.059,62** |
| 11 | **ул.Пиринска** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 25/10 | 165.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **43.669,44** |
| 12 | **Оризари (куќни приклучоци)** | | | | | |
| | ПЕХД црево<br>ПЕХД црево | 25/10<br>32/10 | 15.00<br>100.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **97.149,40** |
| 13 | **ул.Стамен Манов (куќни приклучоци)** | | | | | |
| | ПЕХД црево | 20/10 | 50.00 | | | |
| | ПЕХД црево | 25/10 | 280.00 | | | |
| | ПЕХД црево | 32/10 | 115.00 | | | |
| | | | | | **ВКУПНО** | **293.663,06** |
| | | | | | | |
| | | | | | **ВКУПНО**<br>Со ДДВ | **635.658,92** |

**ИЗГРАДЕНА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА УЛИЦИ ЗА ПЕРИОД 2023**

| | УЛИЦА<br>Вид на цевка материјал | Вид на кан. | Главна линија | | Приклучоци | | Вредност на чинење (соДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Попр. пресек Ф мм | Долж. во метри | Попр. пресек Ф мм | Долж. во метри | |
| 1 | **Фекална канализација ул.Ѓорче Петров** | ФК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД | | 200 | 42.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **27.274,52** |
| 2 | **Улици во Кочани и во села (санација на шахти)** | ФК | | | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **42.095,32** |
| 3 | **Улици во Кочани и во села (санација капаци и шахти)** | ФК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД<br>Полипроп. коругирани ПЕХД | | 200<br>160 | 18.00<br>6.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **52.505,28** |
| 4 | **Улици во Кочани** | ФК | | | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **19.178,54** |
| 5 | **Фекална и атмосферска канализација (за Општина Кочани)** | ФКАК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД<br>Полипроп. коругирани ПЕХД | | 250<br>315 | 3.00<br>18.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **25.778,28** |
| 6 | **Атмосферска канализација крак на ул. Унгарка (ул. Новопроектирана 1)** | АК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД | | 630 | 108.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **773.425,10** |
| 7 | **Фекална канализација Оризари (куќни приклучоци)** | ФК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД | | 200 | 54.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **61.660,90** |
| 8 | **ул.Стамен Манов (санација на канал. линија)** | ФК | | | | | |
| | Полипроп. коругирани ПЕХД | | 160 | 60.00 | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **46.032,98** |
| 9 | **Фекална канализација (материјал за вградување)** | | | | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **51.686,36** |
| 10 | **Изградба на фекална канализација на ул.Маршал Тито, на крак Суводолица и ул.524 во с.Оризари** | | | | | | |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **4.976.783,71** |
| | | | | | | **ВКУПНО Со ДДВ** | **6.076.420,99** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-299/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за давање согласност на Одлука за отуѓување по пат на продажба на движни ствари во сопственост на КЈП „Водовод“- Кочани

I.

Советот на Општина Кочани дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП Водовод Кочани бр.02-449/7 од 28.12.2023 година, со која се прифаќа Барањето за донесување на одлука за отуѓување по пат на продажба на движни ствари во сопственост на КЈП Водовод Кочани преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува ЗЕЛС, заведено со арх.бр.02-448/1 од 28.12.2023 год. поднесено од в.д. директорот на КЈП „Водовод“ Кочани и се бара да се изврши продажба на движни ствари-транспортни средства во сопственост на КЈП Водовод Кочани, со следната проценета вредност и тоа :

- Товарно моторно возило марка FAP тип 1314 KFF кипер со грајфер, со регистерски број KO 8497 AB, со проценета вредност 146.142,00 ден., по Извештај за процена бр.10-17/14-10 од 13.12.2023 год.,
- Градежна машина Багер ровокопач марка ICB 3CX, нерегистрирана, со проценета вредност 151.408,00 ден., по Извештај за процена бр.10-17/14-1 од 13.12.2023 год.,
- Специјално товарно моторно возило метачка марка Mercedes тип 1722 со регистарски број ST 974 PB, со проценета вредност 436.419,00 ден., по Извештај за процена бр.10-17/14-16 од 13.12.2023 год.,
- Товарно моторно возило марка DACIA тип PICKUP 1.9D DOUBLE CAB, со регистарски број ST-970-OU, со проценета вредност 19.440,00 ден., по Извештај за процена бр.10-17/14-2 од 13.12.2023 год.,
- Градежна машина Багер ровокопач марка Torpedo тип 1841, без регистерски број, со проценета вредност 167.580,00 ден., по Извештај за процена бр.10-17/14-5 од 13.12.2023 год.,
- Ниско носечка приколица со регистерски број ST-582-OH, со предложена вредност од Управен одбор 277.000,00 ден., различна од проценетата вредност по Извештај за процена бр.10-17/14-3 од 13.12.2023 год., која изнесува 137.976,00 ден.

II.

Продажбата на движните ствари од точката I. на оваа одлука, да се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува ЗЕЛС, со проценетата вредност утврдена согласно Извештаите за процена на наведените средства (Расходувани основни средства по предлог на пописна комисија) на ЦКИ Концепт ЕУ ДОО Кочани, во кои што е проценета вредноста на секоја од движните ствари.

III.

Продажбата да ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани во име и за сметка на КЈП„Водовод“- Кочани.

IV.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-300/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 и членот 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со членот 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018, 163/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 86/2020 и 67/2022 ) и членот 2, членот 4, став 1, ал. 8 и чл.13 ст.1 од Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

О Д Л У К А
За организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија

Член 1

Да се отпочне постапка за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари – м.в. Усова чешма - м.в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен“ со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна индустрија со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник.

Член 2

Линијата со реден број 8 од членот 1 на оваа Одлука, превозникот ќе ја врши на траса определена според следните автобуски стојалишта: Продавница „Јонче“ с. Оризари, Бараки Селиште с. Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – Пешачки мост с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – мост „Витоша“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – пешачки мост, Православен храм „Св. Атанасиј“ с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“, спој на ул. „Тодосија Паунов“ и ул. „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“, Печатница, Атомски згради, ул. „Македонска 1“, ул. „Македонска 2“, „Руен“, „Треска“, Автобуска, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ „Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ „Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен“ со ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви Дом“, х.„Национал“, конфекција „Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица, „Александрија“, „Ледер“, конфекција „Амор“, х. „Национал“, м.в. „Сиви Дом“, „Осоговка“, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в. „Пераклија“, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Автобуска, Треска, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в.

Дедово Маало во с. Оризари).
Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши со најмалку 4 (четири) поаѓања дневно.
Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши од понеделник до сабота, без недела и државни празници.

Член 3

За линијата бр.8: с.Оризари – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен" со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" се утврдува максимална единична цена за билет по патник која изнесува 20 денари со ддв, согласно Одлуката за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.4/2019) донесена од Советот на Општина Кочани.
Конечната единична цена за билет по патник за превоз на наведената линија ја утврдува превозникот (понудувачот) во рамки на максимално утврдените цени за општински линиски превоз на патници што ги утврдил Советот на Општина Кочани со Одлука за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.4/2019) и согласно чл.4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани бр.09-923/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.4/2019).
Општина Кочани ќе учествува со 50 % во цената на билетот за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8: с.Оризари – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен" со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија", а останатите 50% од цената на билетот на превозникот ќе му бидат платени од патникот со купување на билет за превоз на наведената релација.

Член 4

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.
Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник да се спроведе по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки, Законот за превоз во патниот сообраќај, Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019) и другите законски и подзаконски акти и со избраниот најповолен понудувач да се склучи договор.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да го склучи договорот со избраниот превозник како најповолен понудувач во спроведената постапка, како и да склучува анекси на основниот договор (договор/и за изменување на основниот договор) во случаи утврдени со Законот за јавните набавки.
Договорот со избраниот најповолен понудувач (превозник) ќе се склучи со

времетраење од 2 години, кое ќе почне да тече од денот на склучувањето.

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Кочани за 2024 година, вкупната вредност на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 изнесува 1.904.761,90 денари, односно 2.000.000,00 денари со ДДВ за период од 2 (две) години.

Средствата за реализација на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 која ќе ја распредели Општината ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година од 2024 - 2026 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-301/1
26.01.2024 година
Кочани
Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво- Кочани

Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Кочани дава финансиска помош во износ од 100.000,00 (сто) илјади денари на Доброволно противпожарно друштво- Кочани од Буџетот на општина Кочани за 2024 година, за реализација на Програмските активности на друштвото за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-308/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021 И 173/2022), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 26.01.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на договор за донација од Фондација за развој на локалната заедница Штип

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за донација од Фондација за развој на локалната заедница Штип.

Член 2

Предмет на донацијата е отстапување на мебел за Центарот за млади во Општина Кочани и тоа:

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република

| Р.бр. | Опис | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Плакар (135/200/45) | 1 |
| 2. | Плакар (270/200/45) | 1 |
| 3. | Шанк (120/120/100) | 1 |
| 4. | Дрвена седалка (300/100) | 1 |
| 5. | Дрвена седалка (214/50 ) | 1 |
| 6. | Маса за состаноци | 1 |
| 7. | Канцелариски стол | 6 |
| 8. | Бар стол | 1 |
| 9. | Фотелја | 2 |
| 10. | Фотелја (лејзибег) | 3 |
| 11. | Клуб маса округла (пречник 60cm) | 1 |
| 12. | ТВ Philips 55 PUS 7008/12 4K Ultra HD Smart LED | 1 |
| 13. | Флипчарт табла (70/100) со метални ногарки | 1 |

Член 3

Вредноста на донацијата изнесува 220.357,00 денари.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-309/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021 И 173/2022), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 26.01.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на ООУ „Никола Карев“ за примање на донација спомен обележје- биста на Никола Карев

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на ООУ „Никола Карев“- Кочани да примат донација од Борче Србиновски од Македонски Брод.

Член 2
Предмет на донацијата е спомен - биста на Никола Карев за во Училишниот двор.

Член 3
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-310/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-288/1
26.01.2026 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2023 година

I

Се прифаќа Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-296/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2024 година

I

Се прифаќа Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-297/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани

I

Се прифаќа Информацијата за пошумувањето и заштитата од ерозија на подрачјето на општина Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-298/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на сливни решетки за атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одржување на сливни решетки за атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-302/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-303/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на општина Кочани во 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација во општина Кочани во 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-304/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-305/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-306/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Репшублика Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2023 година во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-307/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 26.01.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2024-2025 година

I

Се усвојуваат плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2024/2025 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-311/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем по Проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 26.01.2024 година, дава

Изјава од Општина Кочани за исполнување на услови

I.

Општина Кочани има формирано КЈП „Водовод“ Кочани, кое има склучено соодветен договор со општината за определената намена за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

КЈП „Водовод“ Кочани ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

КЈП „Водовод“ Кочани со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

Проектот со кои ќе аплицира Општина Кочани ќе биде одобрен со одлука од Советот на општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во Општина Кочани од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку Општина Кочани не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

II.

Изјавата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-292/1
26.01.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Стратегија за локален економски развој на општина Кочани за период 2024-2027 година, Бр. 09-291/1
Стр.3

2.Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани, Бр. 09-289/1
Стр.40

3.Одлука за утврдување на просечни цени на градежно и земјоделско земјиште за подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-290/1
Стр.43

4.Одлука за утврдување на приоритетен инвестициски проект, Бр. 09-293/1
Стр.45

5.Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор за грант, Бр. 09-294/1
Стр.46

6.Одлука за давање согласност за примање на донација, опремување на сензорни соба, дефектолошко катче од страна на Германско Друштво за Интернационална Соработка - ГИЗ, Проект за Социјални Прва на Ранливи Групи – СоРи III, Бр. 09-295/1
Стр.46

7.Одлука за давање на трајно управување и користење, без надомест, на изградена водоводна, фекална и атмосферска канализациска мрежа во 2023 година на КЈП „Водовод“ – Кочани Бр. 09-299/1
Стр.47

8.Одлука за давање согласност на Одлука за отуѓување по пат на продажба на движни ствари во сопственост на КЈП „Водовод“- Кочани, Бр. 09-300/1
Стр.50

9.Одлука за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр. 09-301/1
Стр.51

10.Одлука за давање финансиска помош на Доброволното противпожарно друштво-Кочани, Бр. 09-308/1
Стр.53

11.Одлука за давање согласност на договор за донација од Фондација за развој на локалната заедница Штип, Бр. 09-309/1
Стр.53

12.Одлука за давање согласност на ООУ „Никола Карев“ за примање на донација спомен обележје- биста на Никола Карев, Бр.09-310/1
Стр.55

13.Заклучок за усвојување на извештај за извршен попис на Општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-288/1
Стр.55

14.Заклучок за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2023 година, Бр. 09-296/1
Стр.55

15.Заклучок за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2024 година, Бр. 09-297/1
Стр.56

16.Заклучок за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-298/1
Стр.56

17.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на сливни решетки за атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-302/1
Стр.57

18.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на општина Кочани за 2023 година, Бр.09-303/1
Стр.57

19.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на општина Кочани во 2023 година, Бр. 09-304/1
Стр.57

20.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-305/1
Стр.58

21.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-306/1
Стр.58

22.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2023 година во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, Бр. 09-307/1
Стр59.

23.Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2024-2025 година, Бр. 09-311/1
Стр.59

24.Изјава од Општина Кочани за исполнување на услови, Бр. 09-292/1
Стр.60